**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 март 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдуљади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Радмила Шеќеринска, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници присутни во салата.

Во салата се присутни 70 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 14-та, 27-та, 28-та и 33-та седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 14-та, 27-та, 28-та и 33-та седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на оваа седница да се донесе законот за изменување на Законот за државните службеници.

Предлогот на Владата ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи оправданоста овој закон да се донесе по итна постапка.

Има збор господинот Михајло Маневски, министер за правда.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, со измените на Законот за државните службеници се предлага продолжување на периодот за вработување на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија преку спроведување соодветна обука уште за една година, со цел за подобрување на соодветната и правична застапеност во органите на државната управа. Со Законот практично се врши измена на одредбата на членот 95-б, со тоа што бројот “2006” се заменува со “2007”, тоа значи дека се продолжува за една година. Се работи за прашање кое само по себе има итност и содржи итност и мислам дека прашањето треба да биде ставено на дневен ред на оваа седница на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 70 пратеници, гласале 57, за гласале 55, воздржано 2, против нема.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со: Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија; Предлог на одлука за именување на заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија; Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев” и Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлозите на одлуките ви се доставени, односно поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози на одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Комисијата за избори и именувања на седницата во петокот и на претходната седница која што се одржа на 7 март донесе некои одлуки и сметаме дека треба да бидат ставени на оваа седница на Собранието на Република Македонија.

Прво, со оглед на тоа што претседателот на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”, поради здравствени причини, поднесе оставка, мораше да се интервенира од страна на Комисијата и се предложи нов предлог за претседател на тој Одбор за доделување на

наградата “Гоце Делчев”. Со оглед на тоа дека се ближи време во кое се доделува оваа награда, сметаме дека на оваа седница треба да биде избран новиот претседател на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”, за да може навремено да ги преземат сите активности во однос на доделување на оваа награда.

Исто така, на седницата која беше одржана во петокот, од страна на Комисијата се донесоа три одлуки. Едната е Одлука за разрешување на заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија, следствено на тоа и одлуки за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија. Сметаме дека треба да се разгледа на оваа седница и да се одлучи во однос на овие Предлог-одлуки, за да може да се докомплетира раководниот тим кој што раководи со Стручните служби во Собранието на Република Македонија, а исто така и по барање на пратеничката група на ЛДП направена е одредена измена во Предлог-одлуката за избор на претседатели и заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија во однос на Анкетната комисија за заштита на човековите права и сметаме дека на оваа седница треба да се разгледа и оваа Предлог-одлука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за разрешување од функција на заменик генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 61, воздржано не галсал никој, против гласале 12.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија да се рагледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 61, воздржано никој не гласал, против 3.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев” да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 65, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 60, воздржано 3, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратениците Андреј Жерновски, Јован Манасијевски, Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов и Слободан Најдовски предлагаат дневниот ред за оваа седница да се дополни со Информација за преземените мерки и активности во врска со извршеното насилство во ноќниот клуб “Процес”-Скопје.

Информацијата ви е доставена.

Молам еден од предлагачите да ја образложи основната и неодложна потреба Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, пратеничката група на ЛДП упати допис до вас повикувајќи се на член 66 односно член 191 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, со кој конечно бидејќи после толку време, после четири месеци ја добивме бараната Информација од страна на Владата на Република Македонија за ова многу битно прашање и како што е сведок не само составот на Парламентот, туку и македонската јавност дека во меѓувреме имаме нови информации, односно дека Обвинителството бара 20 нови имиња во врска со настанатиот случај, предлагаме овој дневен ред да се дополни со оваа точка за да може македонската јавност да биде запознаена со сите најнови информации што се случуваат во врска со овој инцидент во Клубот “Процес”. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на пратениците Информацијата да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 43, воздржано 2, против 18.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Пратениците Тито Петковски, Петар Поп Аросв, Владанка Авировиќ, Ружди Матоши, Радмила Шекеринска, Игор Ивановски, Валентина Божиновска, Анита Кипаризовска-Крстевска и Панче Дамески предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на заклучоци за подобрување на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на Европската унија.

Предлогот на заклучоците ви е доставен.

Молам еден од предлагачте да ја образложи основната и неодложна потреба Предлогот на заклучоците да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господин Тито Петковски. Повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам.

Господине претседател, почитувани колеги,

Комисијата за европски прашања предлага на оваа седница да бидат разгледани и усвоени овие Предлог-заклучоци, со оглед на потребата за побрзо и подобро одвивање на процесот на усогласување на македонското со европското законодавство, односно правото на Европската унија. Исто така, со оглед на консензусот апсолутно меѓу сите пратенички групи и потребата Владата во својата натамошна работа да даде приоритет токму на законите за кои станува збор, ве молам да биде ставена точката на дневен ред и да бидат разгледани Предлог-заклучоците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Предлогот на пратениците Предлогот на заклучоците да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 74, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека предлогот на пратениците е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на одлука за избор на претседател на Советот на Собраниското канал;

2. Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;

3. Предлог на одлука за именување на заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија;

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”;

5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници;

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеу Владите на Државите на Бенелукс (Кралство Белгија, Големото Војводство, Луксембург, Кралството Холандија) и Македонската Влада, кој се однесува на преземање на лица со незаконски престој (Договор за преземање), со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за меѓународни рестриктивни мерки, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерски друштва, со Предлог на закон.

12. Предлог на закон за безбедност во железничкиот сообрај;

13. Предлог за донесување на закон за поштенски услуги;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ветеринарно здравство;

16. Предлог за донесување на закон за рибарство и аквакултура;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекурзори, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за рамномерен регионален рзвој;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оружјето со Предлог на законот;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот Протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓунардната Агенција за Атомска Енергија за примена на границите во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната Агенција за атомска енергија со примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарно оружје, со Предлог на зкаон;

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот на Кралството Шветска за преземање на лица (Договор за реагмисија), со Предлог на закон;

23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем и финансирање намемент за забрзување на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија (фаза 3), кој ќе се склучи меѓу Македонска Банка за поддршка развојот и Кредитната банка за обнова од СР Германија, со Предлог на закон.

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон;

25. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон;

26. Предлог за донесување на закон за соработка меѓи Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење на лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија;

27. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за употреба на грбот, знамето и химната на Република Македонија, со Предлог на закон.

28. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за ученичкиот стандард, со Предлог на закон;

29. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за државјанството на Република Македонија, со Предлог на закон;

30. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за судовите, со Предлог на закон;

31. Барање за давање автентично толкување на член 8, став 1 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Надица Танчева-Тулива

32. Барање за давање автентично толкување на член 46 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Весна Бендевска;

33. Предлог на заклучоци за подобрување на процесот на усогласување на македонското законодавство со правото на Европската Унија;

34. Информација за преземените мерки и активности во врска со извршеното насилство во ноќниот клуб "Процес" Скопје;

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

За збор се јави госпоѓа Илинка Митрева. Повелете.

**Илинка Митрева:** Благодарам господине претседателе,

Би скала да предложам дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација од страна на Владата, во врска со прашањето на одбраната и зачувувањето на Уставното име на Република Македонија.

Ова е прашање од највисок државен и национален приоритет. Сведоци сме на офанзива која што по обем и по интензитет, а водена од нашите јужни соседи, треба да претставува предмет на интерес на оваа Влада.

Меѓутоа, исто така сме сведоци на замолчаност, на отсуство на реакции, на задоцнети, или изнудени реакции по однос на нападите што доаѓаат од нашиот јужен сосед, за што, впрочем сведочи и последниот млак, благ одговор врзан за скандалозното прашање на скандирање на грчките војници и третманот на Македонија и македонската нација во таквата акција.

Јас сакам да потсетам во оваа прилика господине претседателе, дека за време на сесијата посветена на пратенички прашања од 22 февруари оваа година, поставив до Владата две прашања. Едното се однесуваше на еден амбивалентен став на премиерот Груевски искажан во прилика на обраќање на членовите на "Ротери клубот", во кој што цитирам, стои реченицата дека името на Република Македонија нема да биде сменето на таков начин под притисок или со уцени, заклучувајќи врз основа на овој исказ дека можеби нашите соседи постапуваат нежно, може да дојде до промена на ставот на Владата на Република Македонија. И тогаш го поставив прашањето на кое што не добив одговор, дали Владата на Република Македонија го напушти ставот за двојната формула и дали таа прифатила во ООН, или на некои друго место да преговара за финално решение, што би значело промена на нашето Уставно име.

Господине претседателе, ние сме сведоци исто така на речиси синхронизирани напади и навреди што доаѓаат од соседите и го засегаат нашето национално ткиво, негирањето на нацијата, негирањето на јазикот, негирање на историјата, непостоењето на македонското национално малцинство во некоја од соседните земји, напади за кои што и денеска тврдам и повторувам дека оваа Влада недостоинствено премолча.

Мислам дека господине претседателе, овој е моментот кога ова Собрание треба гласно и со глагол да одговори на оваа тема. Убедена сум дека се сеќавате, бидејќи внимателно го следевте мојот настап и прашањето што му го упатив на министерот за надворешни работи Антонио Милошоски на последната седница со пратенички прашања. Кој е работ на толеранција на Владата на Република Македонија кон навредите и нападите врз Македонија од страна на дел од нашите соседи. Кој е тој праг на толеранција. Тоа е едно.

Второ, што е она што Владата и министерот за надворешни работи може да го извади од таа состојба на трајна замолченост, за да сфатиме дека се ставиле на страната на Република Македонија. Ние, ја губиме предноста, тешко извојувана во мандатот на претходната Влада, во однос на името на Република Македонија. Да потсетам, тогаш дојде до признавањето на Уставното име од страна на САД. Во тој период на билатерален план, земјите членки на Европската Унија ни сес обраќаа со Уставното име. Во тој период се потпишани голем број на билатерални договори во кои што се користи Уставното име. Што оваа Влада, сакам да биде содржано во Информацијата, направила, не направила, или има намера да направи, како што реков во

одбрана и зачувување на Уставното име на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Јас би советувал дека не е многу упатно да ставиме денес на дневен ред точка и да дискутираме врз база на еден антиципиран одговор на Владата, кој заправо фактички, сеуште не постои. Значи, има две деловнички алтернативи. Или да се чека одговор на Владата, односно став на Владата по однос на воа покренато прашање денеска, или пратеничка група, или ат хок составена од групра пратеници да поднесете барање да се дискутира за овој проблем, врз база на информација на Владата.

Значи, тоа е ваше да одберете на кој начин ќе постапите.

Има збор Иванка Цветанова.

**Иванка Цветанова:** Има предлог .

**Љубиша Георгиевски:** Нема писмен материјал. А немаме информација од Владата.

Писмениот материјал од вас секако дека ќе го содржи и вашиот став кон проблемот и вашите нужности, заради кои сакате да се стави на дневен ред. Тоа е како се предлага во Деловникот. Јас само ви кажувам како е по Деловникот и ништо друго.

Еве ако сакате ќе ви прочитам по членот 66. Предлагачите од ставот 1 на овој член се должни да поднесат материјал во писмена форма и да ја образложат итноста. Сега имаме определено образложување на итноста на темата кое беше релевантно, но нема писмен материјал. Тоа е. Нема никаков проблем.

Повелете госпоѓо Митрева.

**Илинка Митрева:** Значи она што јас ве замолив, господине претседателе, е ова Собрание да побара од Владата да достави писмена информација врз основа на која ова Собрание ќе дебатира вклучително важна и сензитивна тема врзана за државните и националните интереси на Република Македонија. Токму во овој момент нека се стави точката која ја бараме, а ние можеме тоа да го направиме претседателе дури и на затворена седница. Во еден дел да ја затвориме седницата на Собранието, доколку тоа се најде за сходно.

**Љубиша Георгиевски:** Јас предлагам ова да го дискутираме на една координација, бидејќи ова е трет предлог. Да не користиме пленарна седница за ова, па да го расчистиме.

Повелете сега гопоѓо Иванова.

**Цветнка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе,

Иако знам дека за оваа седница имаме доста обемен дневен ред , јас предлагам оваа седница да биде дополнета со една точка, а тоа е Информација за производство и откуп на тутун од реколтата 2006 година.

Сметам дека се исполнети условите кои што ги баравте на предлагачката на претходната точка, затоа што оваа Информација веќе повеќе од месец дена лежи во Собранието.

Искрено да ви кажам, очекував да биде ставена по редовна процедура на оваа седница како точка на дневен ред и ако пред малку усвоивме, или го дополнивме дневниот ред по барање на двајца пратеници, јас мислам почитуван господине претседателе треба да го почитувате мислењето на 25 потписници пратеници на оваа Информација, дотолку повеќе што ваквата Информација баравме да се стави како итна точка уште на почетокот на една од седниците, на почетокот на месец февруари. Оваа Информација е поднесена на 12 февруари. Јас мислам дека сите рокови, сите услови предвидено со Деловникот се исполнети и навистина, не знам и се чудам зошто досега не е ставена како точка на дневен ред. Дека навистина  е важна и дека навистина е актуелна, барем сега уште овој месец оваа точка, не треба посебни аргументи за образложение. Самиот факт дека околу 20% од населението од Македонија, или окли 350.000 граѓани на Република Македонија живеат и се прехрануваат од производство на тутун, јас мислам дека е доволен аргумент да се стави оваа точка на дневен ред денеска и да дебатираме, затоа што ова е прашање кое што живот значи за 400.000 жители на Република Македонија и не знам, јас ги почитувам сите овие точки кои што се ставени на дневен ред, меѓутоа не знам, која точка од овој дневен ред е многу поважна од оваа точка.

Јас знам што е причината жошто не се става оваа точка на дневен ред, затоа што ова прашање е жешка тема, затоа што ова прашање навистина побудува интерес и нервоза кај тутунопроизводителите, па овој месец е последен кога би можеле да дебатираме по оваа точка, затоа што кон крајот на март, тутунопроизводителите ќе отпочнат со работа, некаде се и отпочнати за припрема за нова реколта, но мислам дека навистина, не е фер према 400.000 граѓани вака да постапуваме, особено што ние 25 пратеници од СДСМ и ЛДП имаме со Информацијата заедно предложени заклучоци, со кои што, секако низ дебатата тие заклучоци моеже и да се менуваат, со кои што сакаме да го решиме проблемот, во кои што годинава се најдоа тутунопроизводителите.

Јас мислам дека не треба да се бега од реалните проблеми, јас мислам дека не треба да се бега од решавањето на проблемите, туку напротив, заедно сите да дебатираме и да најдеме излезно решение.

Значи, господине претседателе, со сета почит и мој респект према сите оние 33, или 34 точки од дневниот ред, јас предлагам , а секако ме поддржуваат и сите оние пратеници кои што ја напишале оваа Информација, а се надевам и сите оние пратеници, предлагам точката Информација за производство и откуп на тутунот од реколтата 2006 година, да биде неодложно ставена на

дневен ред на оваа седница, затоа што секое натамошно пролонгирање, сметам дека ќе биде и безпредметно дебатирање, со тоа што ќе ни остануваат и понатаму потиснати проблемите, а не значи дека ќе излеземе на таков начин од проблемите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Овој предлог го ставам на гласање.

Процедурално бара Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

Барам деловничко прашање да го расчистиме членот 65 од Деловникот. Во членот 65 од Деловникот, го имате претпоставувам кај вас, во ставот 2 пишува: "по предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува, внимавајте сите прашања што до денот на свикување на седницата ги доставиле овластените предлагачи".

Госпоѓата Цветанка Иванова е овластен предлагач до 6 март кога сте ја свикале седницата, доставила писмена информација како овластен предлагач и вие сте должни согласно член 65 став 2, без никаква друга гласачка процедура да го уврстите на дневен ред. Со оглед дека сте го направиле тој пропуст ве молам, да постапите согласно Деловникот, само да констатирате дека дневниот ред е дополнет со оваа точка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Не се работешее за пропуст. Со првиот предлог беше барано посебна седница за тоа прашање, а не ставање на тоа прашање на дневен ред на некоја седница како оваа. Тоа е прво.

За такво закажување на посебна седница како што бараше госпоѓата Иванова, чекавме мислење на Владата. Не беше пропуст, туку беше нормална процедура.

Го ставам предлогот на госпоѓа Цветанка Иванова на гласање.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за гласале 61, воздржани двајца, против гласале 8.

Констатирам дека Предлогот на госпоѓа Цветанка Иванова е прифатен и ставен на дневен ред.

Минуваме на точките од дневниот ред.

Процедурално побара Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Доколку Собранието го усвои предлогот на пратеникот Илинка Митрева за да дискутираме за темите кои што таа ги посочи, тогаш јас би сугерирал и би побарал од Владата да достави уште неколку информации, а тоа се следниве.

Прво, дали македонските институции 2005 година кога биле пеени оние песни кои што ги слушнавме имала информација за тоа и дали се реагирало и зошто не се реагирало?

Второ, дали тогашната министерка реагирала и зошто не реагирала.

Трето, дали македонските институции и разузнавачи како Зоран Верушевски се занимавале со покривање на она што го правеше малиот Верушевски, или со овие прашања за кои што тука зборуваме.

Четврто дали Министерството за одбрана тогаш се занимавало со продажба на Офицерскиот дом во Велес, на магацини, станови и сл., или со овие прашања кои што тука ги посочивме.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Измина веќе месец ипол и по трет пат веќе барам, доставена е информација за состојбите во здравството поднесена од група пратеници од 25 пратеници да се разгледува на една од наредните седници и никако да се стави точката на дневен ред. Објаснувањето ваше беше дека нема доставено мислење од Владата, што мислам дека е спротивно од толкувањето на членот 65 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Навистина состојбите во здравството, да не зборувам и да не се повторуваме навистина се алармантни. Значи, ние имаме тотална блокада во имплементацијата на реформите во примарното здравство. Лекарите во примарното здравство не можат повеќе да работат, гинеколозите веќе штрајкуваат, се спремаат на штрајк општите лекари, се спремаат на штрајк стоматолозите, се спремаат на штрајк лекарите од Клиничкиот центар. Ве молам, во една мирна атмосфера подобро тука да дебатираме, ако е потребно и цел ден, да направиме некој компромис и договор и секојдневните одлуки кои се носат од Минситерството за здравство и од Фондот за здравствено осигурување да се усогласат и да имаме едно непречено работење во здравството. Да не дозволиме да ни колабира еден систем кој е од најсуштествено значење во Република Македонија, ситем од кој зависат од услугите што ги пружаат здравствените работници, зависат буквално сите граѓани на Република Македонија. Затоа ве молам, после толку време инсистирање и молење да се постави оваа точка на дневен ред. Однапред ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратеникот Кире Гештаковски го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 53 за, воздржано 1, против 17.

Констатирам дека и овој предлог се прифаќа.

Кратка процедурална интервенција има Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Јас се надевам дека ќе излеземе со формално решение по основ на предлогот на пратеничката на СДСМ Илинка Митрева и дека ова Собрание сепак ќе донесе заклучок кога и на каков начин ќе

се расправа за оваа точка. Со оглед на тоа што веќе имаше процедурални забелешки за проширување во евентуалната дебата по Предлогот на СДСМ и пратеничката Илинка Митрева, предлагам на таа седница, или по таа точка да се расправа и за активноста на одредени пратеници, или конкретни владини министри кои што имаат конкретна улога во надворешната, па и во безбедносната политика на Република Македонија. Со оглед на тоа сите сме сведоци дека за време на молитвениот појадок добар дел на македонски пратеници како што е колегата Владимир Ѓорчев, министерот за одбрана Лазар Еленовски, шефот на кабинет на Никола Груевски, Мартин Протуѓер беа присутни во Вашингтон. По подолг временски период јавноста имаше шанса да слушне дека тие имале голем број на средби со претставници на Конгресот, па едноставно можеме да поразговараме дали тие разговарале со нив и дали биле информирани, или се заложиле против грчкото лобирање за онаа ситуација која што преку одлуката ја изгласа американскиот конгрес да се користи името Македонија ФИРОМ, по прв пат по признавањето на уставното име од страна на САД. Ова е многу битно бидејќи за таквите посети се потрошија голем број на пари на граѓаните. Ние имавме шанса да чуеме дека најмалку 11500 евра чинела само посетата на министерот за одбрана, тоа се од прилика околу 300 стечајци да ги плаќате месечно. А мислам дека и колегата Владимир Ѓорчев и некои други кои што учествуваа во таа делегација потрошија сериозна сума на пари, а едноставно имаме ефект кој што е сосема негативен за Република Македонија. Оттаму, мислам дека треба да се прошири да се прифати прво барањето. Вие ќе процените согласно Деловникот на кој начин тоа да се направи и да се прошири и со овие елементи.

**Љубиша Георгиевски:** Покренатата иницијатива на госпоѓа Митрева ќе биде ставена на првата следна координација како точка број еден. Се разбира по сите деловнички редови. Предложениот дневен ред го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 75 пратеници, воздржани нема, против еден.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Процедурално господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, како што знаете како и на секој почеток на седница откако ќе констатирате дека е усвоен дневниот ред, треба да прашате дали има предлози за промена на дневниот ред. Да бидам попрецизен, значи вие го констатиравте дневниот ред. Бидејќи се работи за редоследот непријатно сме изненадени што информацијата за случувањата во клубот "Процес" е ставена како последна точка на дневен ред, не би сакал да помислам дека има некоја лоша интенција. Мислам дека како Парламент праќаме многу погрешна порака дека таа точка не е битна, дека таа Информација не е битна и дека тоа збиднување не е битно за нас како претставници на граѓаните, особено што овде претходно имаме нови моменти. Значи, не може таа точка да биде ставена дури и после барање за автентично толкување од страна на некои почитувани колеги. Од таму би сакал да предложам веднаш по завршувањето на оној сет на предлози за донесување на закони со Предлог на закон кои што се од сетот на закони кои што треба да ги усогласуваме со Европска унија, бидејќи така се договоривме и така треба да биде, предлагам Информацијата за збиднувањето во Клубот "Процес" да биде ставена како точка број 14.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 22 пратеника, воздржано 3, против 41.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Процедурално има пратеник Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Пред да го утврдиме дневниот ред, јас би предложила точката која што денеска прифативме да биде ставена на дневен ред, а тоа е Информацијата за откуп на тутун, бидејќи навистина е многу важно, иако е ставена, да биде разгледувана, затоа што со нејзино ставање, прифаќање да биде точка на дневен ред и ставање како последна значи имајќи во предвид колку точки имаме и каква дебата по одредени точки ќе се развие, значи дека иако ја ставивме оваа точка, ќе дојде на дневен ред можеби во јуни месец. За да не се случи тоа, предлагам точката Информација за откуп на тутут за реколта 2006 година да биде ставена веднаш по ратификациите, или евентуално после точката која што ја предложи господинот Тито Петковски. Значи, после ратификациите како и именувањата и изборите на заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 23 пратеници, воздржано гласале 4, против 42.

Констатирам дека предлогот е одбиен.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за избор на претседател на Советот на Собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, зза гласале 61 пратеник, воздржано 2, против еден.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател на Советот на Собранискиот канал.

**Минуваме на точката 2. - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека во салата се присутни 64 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, за гласале 46, воздржано никој, против 13.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување од функцијата заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 3. - Предлог на одлука за именување на заменици на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Почитувани колеги пратеници, нема да се задржувам многу околу оваа Предлог - одлука. Сакам да поставам неколку прашања кои што ги поставив и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Впрочем со одлуката што се предлага, се предлага избор на двајца заменици на генералниот секретар и со тоа вкупниот број ќе биде тројца заменици на генералнот секретар. Знам дека во Деловникот ова прашање е уредено со еден, или повеќе заменици. Меѓутоа, и тогаш упатив прашање до стручната служба и до претседателот на Комисијата господинот Трајко Вељаноски, дали во актот за систематизација и организација на работните места во Собранието е ограничен бројот на замениците на генералниот секретар. Ми беше даден одговор дека нема ограничување за заменици на генералниот секретар во Собранието на Република Македонија.

Сега пред мене го имам Правилникот за систематизација на работните места, во Глава 2, распоредот на работните места по организациони облици и услови за нивно извршување во членот 4 стои: назив на работното место, заменик на генералниот секретар, број на извршители 2, со степен и вид на стручна подготовка високо образование. Мислам дека беше коректно господине претседател на Комисијата за избор и именување овој факт да го кажете онака како што е заради објективност во работата и искреност. Доколку така не било имавте можност да го смените актот за систематизација и да ставите тројца извршители, ако е намерата да имаме тројца заменици на генералниот секретар. Не е добро да не даваме такви податоци какви што се во моментот.

Второ, сакаме уште еднаш да укажеме како пратеничка група на СДСМ дека со овој избор на заменици на генералниот секретар се руши принципот на избор на заменици од редот на вработените во стручната служба на Собранието што впрочем значи уште еден чекор кон партизацијата на овие функции кои што воопшто не треба да бидат партиски функции и треба да биде стручна служба која што ќе биде на Собранието, а не во интерес на парламентарното мнозинство.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

И на Комисијата за прашања на изборите и именувањата дадов одговор на Оливер Спасовски, со тоа што и самиот знае дека како што инсистираше, во Деловникот пишува во член 61став 1, генералниот секретар има еден, или повеќе заменици. Значи, не е ограничена бројката во која што може да има заменици на генералниот секретар кои што ги именува Собранието по предлог од Комисијата за прашања на изборите и именувањата. Тоа што вие го кажавте, тој правилник е носен од генералниот секретар кој што е раководител на службата во Собранието. Врз основа на одлуките што ги носи Собранието се прилагодува тој правилник за работните места во Собранието на Република Македонија. Не може тој правилник да биде повисок акт од Деловникот во кој што е кажано дека ја организира работата во Собранието на Република Македонија, дури е ставен на степен на закон во Собранието на Република Македонија. Мислам дека сте правник и ги знаете сите овие факти. И не треба да правите драма од нешто што не е потребно.

Второ, за кое што ме прашавте дека досега се бирале од редот на државните службеници кои што се во Собранието на Република Македонија. Треба да знаете дека минатијот парламентарен состав го измени Законот за државни службеници кога беше СДСМ на власт и тоа го измени во 2005 година, објавен во службен весник на Република Македонија број 81 од 27.09.2005 година.

Тогашната власт сметаше дека треба генералните секретари и нивните заменици кои што се регулирани овде во Деловникот, односно во Законот за државни службеници само генералните секретари и тоа во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и кај Претседателот на Република Македонија да бидат надвор од Законот за државни службеници. Значи, тогаш, кога се водело сметка за такво решение, затоа се издвоиле и се тргнале од Законот за државни службеници овие функционери кои што сега се предмет на расправа овде и како што тие функционери се именуваат во Владата и кај претседателот на државата. Ве молам, барем за партизација вие не зборувајте, затоа што вие претходните функционери,доволно беше и јасно беше врз основа на кој основ и по кој критериум одредени функционери ги стававте, нормално по партиска основа, кои што во секоја ситуација при промена на власт да бидат функционери кои што таа владеачка партија ги добива изборите да може да постави свои функционери. И веројатно тоа е суштината на тоа што претходната власт ги изменила одредбите од Законот за државни службеници и ги извадила овие функционери од Законот за државни службеници. Затоа мислам дека нешто што не е потребно, се создава непотребно некоја тензија и се создаваат одредени проблеми кои што никогаш и не постоеле.

Доколку имате предлози во однос на некои личности, предлози кои што се доставени одредени забелешки, кажа ти и не пак преку форма, како што вие обично сакате тоа да го милувате, преку форма не сакате одредени решенија да ги прифатите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има Оливер Спасовски, повелете вашите три минути.

**Оливер Спасовски:** Почитуван претседателе, колега Вељановски, баш поради тоа што сум правник и што добро ги познавам овие акти, јас не спорев дека во Деловникот не е предвидено така како што е. Јас според само со вашите невистинити вистини дадени на Комисијата за прашања за избори и именувања, на децидно прашање. Дали во актот за систематизација и организација на работните места се предвидени двајца извршители на местото заменик генерален секретар. На тоа одговоривте, не, нема такво органичување. Чесно беше да кажате не сум запознат, а ова го кажувам не заради мое запознавање, туку заради запознавање на македонската јавност.

Второ, околу тоа дали со законот е дозволено да дојде надвор од службата или дали не се предвидени со Закон за државни службеници и тоа јас не го спорам. Јас само го спорам принципот и СДСМ го спори принципот на избор на заменици и генерални секретари, кои што се надвор од Собранието на Република Македонија, надвор од редовите на службата. За тоа барем, не можете да му приговорите на СДСМ. Токму кога се бираа замениците генерални секретари, беше избра и еден од замениците генерални секретари, кои што се уште е актуелен заменик генерален секретар и ќе продолжи со вршењето на работите. Така, мислам од принципиелни причини се овие забелешки, кои што ти ги кажа на Комисијата за избори и именувања и ако добив соодветни и вистинити одговори, тогаш мислам дека немаше потреба сега да полимизирам. Меѓутоа, бидејќи дадовте невистинити одговори, затоа и денес ги поставив. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика Трајко Вељановски.

Повелете, вашата минута.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе.

Како што укажав претходно, цело време пратеникот Оливер Спасовски кажува дека согласно Деловникот, согласно одредбите од законот дека ништо не е прекршено. Дека согласно тие одредби, оваа процедура која што е започната во Комисијата за прашања на избори и именувања, може да се подведе под одредбите на Деловникот, но некои принципиелни работи ги кажува. Јас и претходно кажав дека по однос на формата и постапката која што е спроведена во Комисијата и овде во Собранието, задржани се сите одредби, па доколу сметате за одреден предлог дали е соодветен или не, кажете по однос на тоа. Инаку, сметам дека во однос на предлозите кои што беа и се од Комисијата, се соодветни за одговорноста која што ќе ја превземете на ваква функција.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Есад Рахиќ.

Повелете, вашите три минути.

**Есад Рахиќ:** Само кусо во интерес на подобурвање на работата на Собранието.

Почитуван господине Вељановски, јас се сложувам со вас и она што вие го рековте, толкувајќи го Деловникот дека од два или повеќе, апсолутно сте во право, со тоа што сметам дека беше коректно во меѓувреме со изборот на новиот генерален секретар, да се смени правилникот за систематизација, каде што строго е наредено дека треба да има двајца. Сега, вас би ве прашал ако се двајца и повеќе, зошто да не бидат четири. Гледајќи го денес на маса извештајот од Народниот правобранител за правична застапеност на етничките заедници, зошто да нема четврти или петти заменик генерален секретар од редовите на етничките заедници кои што се минорни или се малку во однос на големото малцинство. Така, во тој дел мислам, иако ве подржувам во делот на ова што го рековте, сметам дека, а и уште еднаш да потенцирам дека генералниот секретар требаше меѓувреме службите да го сменат правилникот за систематизација и тогаш немаше да имаме ваков

начин на една техничка точка од работата на ова Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Влатко Серафимов има реплика од три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мене навистина не ми е јасно зошто се оди на зголемување на бројот на заменици на генерални секретари. Во правилникот за систематизација на работа на Собранието децидно стои дека има два заменици генерални секретари. Зошто сега се оди на варијантата на три. Дали да се задоволат критериумите односно барањата на коалиционите партнери или тој број може да се зголемува на секоја наредна седница на Собранието на Република Македонија. Сметам дека и од претходните репликанти, многу би било подобро за да ги задоволиме барањата на сите коалициони партнери, да ставиме барем заменици генерални секретари од сите коалициони партнери на Владата на Република Македонија. Инаку, вака, некои ќе бидат привилегирани, а некои ќе бидат дискредитирани. Одлуката за тоа дали да бидат тројца заменици генерални секратари или двајца мислам дека е донесена паушално и вие не можете како Комисија да одредувате колкав ќе биде бројот на замениците генерални секретари. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам, службите да достават точен број на пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе пристапиме кон гласање.

Гласањето е валидно.

Гласале вкупно 46 пратеници, за гласале 42, воздржани нема, против 4.

Во салата има 64 пратеници.

Процедурално се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, согласно член 94 став 2, бидејќи резултатот од гласањето се разликува за плус минус пет, барам поединачно гласање и барам подршка од 10 пратеници за тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Мислам дека е паметно да се повтори гласањето, затоа што имаше забуна, влегуваа пратеници.

Дали вие имате подршка од 10 пратеници.

(имаат)

Повелете, ќе гласаме поединечно.

Молам службите да пристапат кон подготовки и реализација за поединечно гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

**Рокса Георгиевска:**

| | |
|---|---|
| Авировиќ Владанка | за |
| Адеми Џеват | отсутен |
| Ајдини Насер | за |
| Алити Рафис | отсутен |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | за |
| Андоновска Марија | за |
| Арифи Теута | отсутна |
| Ахмети Али | отсутен |
| Бендевска Весна | воздржана |
| Беџети Блерим | отсутен |
| Бонева Силвана | за |
| Божиновска Валентина | отсутна |
| Бучковски Владо | отсутен |
| Буџаку Агрон | отсутен |
| Вејсели Абдулади | отсутен |
| Велиу Фазли | отсутен |
| Вељаноски Трајко | за |
| Витанов Зоран | за |
| Георгиевски Љубиша | за |
| Георгиевски Љубчо | отсутен |
| Кире Гештаковски | отсутен |
| Ѓелова Стојанова Соња | за |
| Герамитчиоски Тале | воздржан |
| Гинев Јован | за |
| Грковска Славица | воздржана |
| Грозданов Цветко | за |
| Дамески Панче | за |
| Даневски Томе | отсутен |
| Деркоски Оливер | за |
| Димеска Катерина | за |
| Димитриевски Дарко | за |
| Димитровски Ратко | за |
| Димовски Илија | за |
| Догани Бесим | за |
| Додовски Марјан | отсутен |
| Дончев Данаил | отсутен |
| Дулиќ Благородна | за |
| Дураки Садула | отсутен |
| Ѓорѓеска Ружа | за |
| Ѓорѓиевски Веле | за |
| Ѓорчев Владимир | за |
| Жерновски Андреј | отсутен |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | за |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | за |
| Иванова Цветанка | воздржана |
| Ивановска Јаготка | за |
| Ивановски Игор | отсутен |
| Јакимовска Светлана | за |

Јакупи Зумрете отсутна
Јаневска Весна отсутна
Јашари Аднан отсутен
Каба Гарип за
Кадри Фљора за
Киров Ацо отсутен
Кипаризовска Крстеска Анита за
Китаноски Илија отсутен
Китаноски Лазар отсутен
Кондарко Борис воздржан
Коцев Ванчо за
Крстевски Стојче за
Куновска Јагнула отсутна
Лалчевска Ристана за
Макрадули Јани воздржан
Манасијевски Јован отсутен
Маркоски Гоце за
Матоши Ружди за
Мисовски Горан за
Митаноски Веле отсутен
Митрева Илинка воздржана
Мери Младеновска Георгиевска отсутна
Мустафа Неждет отсутен
Најдовски Слободан отсутен
Незири Хади воздржан
Незири Сафет отсутен
Николов Марјанчо воздржан
Николоски Александар за
Оровчанец Ѓорѓи отсутен
Пачемски Миле за
Пенов Ристо отсутен
Петковски Тито за
Петрески Зоран за
Петров Горан за
Положани Азиз отсутен
Поп Арсов Петар за
Поповска Лилјана за
Поповски Никола отсутен
Рамадани Агим за
Рахиќ Есад отсутен
Реџепи Даут отсутен
Рилкоски Никола воздржан
Салију Селвије отсутна
Салиу Шабан отсутен
Секуловска Мирјана за
Селмани Ајше отсутна
Селмани Елмазе за
Серафимов Влатко воздржан
Спасеновски Александар за
Спасовски Оливер воздржан
Станчевска Нада за
Стефановска Анета за
Стоилковиќ Иван отсутен
Стојанов Ристо за
Сулејмани Фадил отсутен
Танчева Тулиева Надица за
Тачи Мендух отсутен
Ташева Виолета за
Топузова-Каревска Роза отсутна
Трајанов Павле за
Ќуркчиев Никола за
Филипова Верица воздржана
Хасипи Кенан отсутен
Хани Тахир отсутен
Цаноски Фијат отсутен
Цветковска Благородна воздржана
Џафери Арбен отсутен
Шамбевски Оливер за
Шекеринска Радмила воздржана
Шутаров Васко за

**Љубиша Георгиевски:** Гласале 73 пратеници, од кои 56 пратеници гласале за, 17 гласале воздржано, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”.**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, нивни членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, нивни членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Предлогот на законот за изменување на Законот за државни службеници содржи две одредби и тоа едната одредба е одредба со која се продолжува важноста на одреден член од Законот за државни службеници.

И членот 2 практично е одредба со која што се одложува примената на определени одредби кои се однесуваат на системот на плати и надоместоци.

Со членот 1 од Предлогот на законот за изменување на Законот за државни службеници практично се продолжува уште за една година примената на одредбата од членот 95-б од Законот за државни службеници до крајот на 2007 година, со тоа што на тој начин практично се продолжува одредбата да важи заради остварувањето на начелото содржано во амандманот 6 на Уставот на Република Македонија за остварување на начелото за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои не се мнозинство во Република Македонија преку спроведување на определена обука за работа во државната служба. Еднаш тој рок беше продолжен до 31.12.2006 година, сега се продолжува до 31.12.2007 година тргнувајќи од тоа дека Владата на Република Македонија, оценката на Владата на Република Македонија за потребата од продолжување на оваа одредба и со оглед на обезбедените средства и она што е начелна определба на Владата на Република Македонија за доследна примена на ова начело.

Втората одредба е на членот 2 со која практично се одложува примената на одредбата од главата 4 на системот на плати и на надоместоци. Тоа се однесува на познатите принципи на кои треба да се остваруваат платите на државните службеници со кој однос се мери системот со тоа што оваа одредба практично, овие одредби од самото донесување на Законот не заживеаа бидејќи состојбите во државата е проценето дека се такви да не можат да бидат применувани заради соодветни значајни финансиски импликации и согласно членот 2 од Законот што се предлага тие одредби ќе се применуваат од 1 јануари 2008 година.

Третата одредба е влегувањето во сила на овој закон.

Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Оваа точка која што денес под итно ни ја достави Владата иако е од 7 март стигната можеше да биде сместена во дополнување, тоа не е проблем. Мислам дека во Предлогот на законот за изменување на Законот за државни службеници Владата требаше да понуди една анализа која што ќе биде во функција или во поткрепа на измените што ги прави.

Имено, со Законот за државните службеници во член 95 се предвиде рокот од 31.12.2006 година за спроведување на обука за работа во државната служба за припадниците на заедниците. Добро ќе беше да не информираше, во овој случај министерот за правда како претставник на Владата колку луѓе ја поминале таа обука и каква е структурата, од кои етнички заедници се луѓето кои ја поминале таа обука и потоа нашле свое вработување, или не нашле некои од нив во државната служба. Таквата анализа ќе разрешеше многу дилеми кои што се јавуваат кај нас дали тие луѓе што ја поминале обуката дали не нашле свое место во државната служба не биле доволно стручни, или пак оваа година дена односно 9 месеци од сега ќе биде место каде што оние кои што изгледа не си нашле свое место политичката партија која е во коалиција, која е во власта, ДПА да си најде свое место во државната служба, па луѓе кои немаат доволно стручно да ги обучи да бидат дел од овие институции.

Таквата анализа ќе ми помогнеше да ги расчистиме овие дилеми од една страна, а од друга страна не верувам, или мислам дека прелесно е дадено објаснувањето дека за овој Закон не се потребни финансиски средства, бидејќи обуката чини секако, дел веројатно од таа обука може да се реализира со помош на некои од нашите пријатели од Европската унија, но мислам дека не е 100% таа помош односно дел од финансиски средства од Буџетот мора да дојдат и од наша страна, така да мислам дека на овој Предлог на измени фалат два битни елементи. Тоа е анализата на државните службеници и по број и по стручност и по припадност на етничките заедници и

Второ, евентуално потребните финансиски средства за реализирање на оваа обука.

Затоа пратеничката група на СДСМ ќе гласа воздржано за овој Предлог на закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Значи, се забележува една неконструктивност во СДСМ во однос на ставот околу соодветната застапеност или околу суштината на овој закон кој ни е предложен. Кога ја спомна ДПА дека ние ги надминуваме сите норми и не назначуваме стручњаци или луѓе кои заслужуваат да бидат дел од државните службеници. Потврдувам дека ДПА има стратегија и истовремено секогаш работи за исполнување на познатите точки за во Македонија да имаме правична и еднаква застапеност од сите институции на државата. Тоа најдобро укажува на зголемувањето на порастот во однос на правижната и соодветна застапеност каде имаме 350% зголемен буџет во однос на правичната и соодветна застапеност и во Буџетот е квалификуван како концентрација на овие средства и таа бројка е петоцифрена.

Сега се забележува дека СДСМ во една нивна прес конференција го оспори овој пораст на Буџетот, бидејќи рекоа дека е непотребен, дури и ММФ реагираше во однос на ова лажејќи ја јавноста, значи се забележува деструктивност на СДСМ која вршењето на политиката на СДСМ секогаш биле против правичната и соодветната застапеност. Затоа ова што го велат, макар и на говорница сега се токму во функција на ова повторно да се попречи правичната и соодветна застапеност давајќи неосновани аргументи и измислувајќи дека ДПА ги надминува нормите во однос на пријавуањето на кандидати кои не заслужуваат да бидат државни службеници итн. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор за реплика господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Господинот и мојот колега Ружди Матоши потврди две работи. Дека Мендух Тачи е тој што ја води Владата

И второ, тој потврди дека навистина овие измени се за тоа, бидејќи тој и самиот кажа за политички вработувања и за зголеменост на припадниците на етничката заедница согласно нивната политичка програма што си ја донеле.

Втора работа, ние, а тоа и малите деца го знаат, и цела Европа го знае, вработувањето на припадниците на етничките заедници и оваа обука е проект на Владата кој што го предводеше СДСМ и тука не треба да се докажуваме.

За процентите и за зголемените средства уште еднаш да повторам дека во претходните буџети средствата за вработување на припадниците на етничките заедници беа во посебни ставки и во Министерството за одбрана и во делот кај реформата на јавната администрација. Сега се ставени на исто место и затоа велам дека не се точни податоците што се кажуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Јас би го молел пратеникот да се воздржи од квалификации за тоа кој ја води Владата. Владата ја води претседателот на Владата и тој се вика Никола Груевски. Јас кажав во излагањето дека средствата што се обезбедени во Буџетот на Република Македонија за 2007 година се повеќекратко зголемени и дека Владата на Република Македонија не формално, туку суштински се залага за остварување на начелото за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Оваа одредба неколку пати е одложувана, меѓутоа не дала соодветни резултати. Ние сме цврсто определени да истраеме на сето ова и материјално и низ ова што треба да биде остварено во законот, Владата на Република Македонија ќе настојува тоа да го остварува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јани Макрадули се јави за реплика. Повелете три минути.

Се извинувам, еден момент, процедурално побара збор господинот Матоши, па потоа вашата реплика господине Макрадули.

**Ружди Матоши:** Господине претседател оваа процедурална забелешка е токму поради прекршувањето на принципот на работа, или пак прекршување на етиката за работа. Господинот Макрадули по секој основ се обидува или цврсто настојува да претстави кај широката јавност работи за кои јас мислам дека не треба да бидат дел од расправата денес, за тоа кој е премиер и која е улогата на господинот, или заменик претседател на ДПА во водењето на политиката на ДПА или политиката на Владата. Сигурно дека ДПА е достоинствен партнер на коалицијата и соработува добро, комуницира добро, а младите момчиња, или фановите, како што е Макрадули или пак “шема, или не знам кој” се луѓе кои за секое А,Б,Ц одат кај Бранко Црвенковски и го прашуваат и потоа излегуваат тука на говорница и кажуваат каква политика водат.

Јас мислам дека тоа не треба да биде формата на одвивањето на расправата. Затоа се забележува дека сте станале како деца и ова не е во ред како политика. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Јани Макрадули вашата реплика од три минути.

**Јани Макрадули:** Прво, сметам дека ова што господинот Матоши го кажуваше е надвор од процедурата и нема да го коментирам. За редот и мирот е одговорен претседателот во салата и доколку јас излезам од темата претседателот е тој што треба да ме предупреди, а најмалку министерот за правда согласно Деловникот за работа.

Значи ова е процедурално.

Потврдата од министерот е не мислам дека добро функционира коалицијата, напротив мислам дека

одлично функционира коалицијата, само на чија штета е прашањето. Господинот Маневски потврди самиот дека се потребни финансиски средства. Јас и на тоа укажав но во законот вели дека не се потребни финансиски средства, а овде самиот вели дека се потребни. Затоа мислам дека е потребна анализа. Велите дека поминале 1000 луѓе, од нив толку се вработиле, толку биле Албанци, Бошњаци, Срби итн. Значи врз база на некоја анализа ние треба да гласаме овде, а не врз паушални оценки и етикетирања. Цела македонска јавност знае како се одвиваат работите, но затоа нас ни треба некои податоци врз база на кои што треба да се произнесе. Господинот Маневски самиот потврди дека се потребни финансиски средства и Владата е решена тоа да го направи. Во ред, ама да се потсетиме дека на Владата кога се формираше господинот Груевски рече мораториум ќе правиме на меѓуетничките прашања. Тоа го кажав пред госпоѓа Меркел и сега сакате да ме убедите дека сте имале таква визија. Не, тоа сте го направиле знаеме зошто. Значи, да имавте вие јасна визија ние немаше да поставуваме вакви прашања. Има отворена дилема и самиот велите дека се потребни финансиски средства, колку се тие и колку луѓе очекувате да ја поминат одлуката и колку да се завршиле. Тоа се нашите дилеми и затоа реков дека ќе гласаме воздржано. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Јас инсистирам да се задржиме на предлогот на закон кој што ни е испратен од Владата, чиј претставник е господинот Маневски и апелирам господинот Маневски да ги разреши контрадикторностите кои произлегуваат од неговото излагање виза ви она што е напишано во предлогот на законот.

Во причините поради кои се донесува законот, доставени од Владата стои дека со оглед на тоа дека календарската 2007 година почна. Поаѓајќи од фактот дека целосната примена на системот на плати ќе предизвика зголемување на масата за плати на државните службеници и ќе претставува дополнително финансиско оптеретување, а во Буџетот на Република Македонија за 2007 година не се предвидени финансиски средства за целосна примена на глава 4. Во Законот се предлага одложување на целосната примена на глава 4 - систем на плати и надоместоци на плати на државните службеници за 1.1.2008 година, за да во текот на образложението на господинот Маневски да слушнеме дека ваквата примена и ваквата имплементација на законот досега предизвикувала вакви значајни финансиски импликации за на крај да не убеди дека во предлогот, како што стои во предлогот дека за спроведување на овој закон не се потребни финансиски сретства. Значи, од почетокот до крајот на законот се контрадикторни, исто како што е контрадикторен министерот со своето излагање.Факт е дека се потребни значајни финансиски средства, меѓутоа факт е исто така дека согласно Деловникот секој предложен закон треба да каже колкави финансиски импликации ќе има предложениот закон на Буџетот на Република Македонија.

Да ве потсетам, минатата недела кога дискутиравме за Законот за здравствена заштита по амандманите кои што ги поднесоа дел од пратениците од пратеничката група на СДСМ од парламентарното мнозинство се бараше за амандманите пратениците од СДСМ да кажат колкави финансиски импликации ќе имаат тие амандмани врз Буџетот на Република Македонија. Истата таква обврска согласно Деловникот ја има Владата на Република Македонија. Владата на Република Македонија доколку прифати, или не прифаќа некој амандман, или доколку предлага некој закон мора да каже колкави финансиски импликации овој закон ќе предизвика.

Не е доволно да се каже дека средствата за оваа намена, како што вели министерот повеќекратно се зголемени, како што вели господинот Матоши зафаќаат петоцифрена бројка и т.н. и затоа второ, дали се исклучиво наменети за обука на државните службеници, она што ни се предлага сега во законот.

Навистина сметам дека треба да се фокусираме на точката на дневен ред, за жал, јас мислев дека до сега само еден пратеник од ДПА го користи Парламентот како сериозна институција во која се носат закони, ја користи како институција за колективна терапија, затоа замолувам претседателе, да ги осуетите сите оние потреби на еден мал дел пратеници за ваквата злоупотреба и деградација на Парламентот како институција. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, пратеничката говори за контрадикторности, но сепак текстот на законот го чита преку еден ред, јас ќе ја потсетам дека во причините поради кои се донесува законот стои дека примената на системот на плати, а кои тие самите го одложуваа неколку години токму од истите причини ќе предизвика зголемвуање на масата на плати за државните службеници и ќе претставува дополнително финансиско оптоварување на Буџетот на Република Македонија. Мислам дека е тоа сосема јасно кажано.

Втората работа околу прашањето за продолжувањето на рокот на важење на одредбата од членот 95-б, мислам дека е сосема јасно кажано дека државата и во Буџетот на Република Македонија за 2007 година во однос на 2006 година се обезбедени три пати повеќе средства отколку било претходната година токму заради остварување на начелото за соодветна и

правична застапенсот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Ние сакаме, колку е можно побргу, да излегуваме со имплементирањето на амандманот 6 од Уставот на Република Македонија и мислам дека одредбите кои се наведени во законот ми се чини дека се сосема јасни.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре ние го читаме истото, точно дека ќе претставува дополнително финансиско оптоварување. Тоа што ние го бараме од вас, што го зборуваше и господинот Макрадули, е да одговорите колкаво финансиско оптоварување ќе претставува. Вие сте обврзани, согласно Деловникот, да кажете колкаво финансиско оптеретување ќе претставува примената на овој закон. Вие во причините кажувате дека ќе има финансиско оптоварување, а во образложението за финансиските средства кои се потребни за спроведување на законот, велите дека не се потребни финансиски средства.

Факт е дека финансиски средства ќе бидат потребни, ние од вас бараме да кажете колкави финансиски средства ќе бидат потребни за спроведување на овој закон. Затоа што вие имате обврска тоа да го направите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на претходното излагање на Грковска има потпретседателот господинот Бесим Догани, повелете три минути.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине претседателе,

Жалам што колегите од СДСМ имаат групна терапија, но скептичен сум бидејќи нема лек кој ќе ги излечи од нивната фобија која ја имаат како по однос на ДПА, така и по однос на раководните лица на ДПА, но и во однос на развојните процеси кои ги врши оваа актуелна Влада.

Јас сум убеден дека госпоѓицата Славица Грковска воопшто не ја интересира колку средства ќе се потрошат, бидејќи тие се експерти за трошење на средства со ред и без ред, но единствената нејзина фобија е дека во насока на правичната и соодветната застапеност се прави прогрес и многу поголем напредок отколку е направен во периодот кога тие беа дел од Владата.

Од друга страна сакам да и реплицирам на госпоѓица Грковска жалам што ќе кажам дека знае да продава памет во однос на процедурите кога не ги познава парламентарните постапки или не сака да реплицира според постапките. Таа како и нејзините колеги почнува велејќи дека треба нашите говори да ги упатиме во насока на точката на дневен ред, околку актуелниот закон, а по извесно време почнува и говори за колективни терапии, говори за постапките на партиите.

Едноставно и јасно се гледа демагогијата која владее во нивните редови и заложбите во секој момент да излезат надвор од темата и да спомнуваат прашања како дневно-политички, прашања по однос на Владата со партнерите од коалицијата.

Уште еднаш ќе нагласам, јасно се гледа фобијата која ја имаат во однос на прогресот, во однос на Владата, но и вооднос на делот на правичната и соодветната застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Уште еднаш ќе нагласам, убеден сум дека не е колективна терапија, туку нема лек за нивната фобија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓица Славица Грковска, контра реплика, вашата минута, повелете.

**Славица Грковска:** Господине Догани многу ми е жал што погрешно сте ме разбрале, воопшто немам фобија спрема раководните лица на ДПА. Меѓутоа, ќе реагирам секогаш до претседателот на Собранието кога процедуралните забелешки се злоупотребуваат за мал број пратеници од пратеничката група на ДПА да лечат извесни комплекси и фрустрации за што сметам дека Собранието не е соодветна институција.

Сметам дека претседателот на Собранието треба да држи до дигнитетот на Собранието и да го штити угледот на Собранието и да ги осуетува ваквите намери на мал дел од пратеници од пратеничката група на ДПА.

Воопшто немам фобија од зголемувањето на правичната застапеност на припадниците на заедниците, напротив, сметам дека процедурата треба да се почитува, ја знам многу подобро од вас затоа што имам веќе еден мандат како пратеник зад себе и нема изговор кој би ме убедил таквите процедури да се прескокнуваат и да не се почитуваат благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурална интервенција побара господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Сосема кратко претседателе, веќе е лицемерно во Собранието на Република Македонија пратениците кои ги употребуваат истите зборови како исфрустрирани, искомплексирани, терапии и т.н. да обвинуваат други пратеници дека го нарушуваат дигнитетот на Собранието на Република Македонија.

Јас би замолил не до вас директно заради тоа што вие можеби не можете да им кажете, меѓутоа, би апелирал до сите пратеници, посебно до оние што најбурно реагираат во такви случаеви да не ги користат истите зборови, ако навистина имаат намера да го зачуваат дигнитетот на Собранието. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ова можам да одговорам само едно. Многу замолби примам откако седам на ова столче.

Сега да ви упатам и јас една замолба на сите не разликувајќи ве ниту партиски, ниту по возраст, ниту по пол. Нема поефикасно блатење на дигнитетот на ова Собрание од она кое ќе го направиме ние самите. Ве молам, тоа да го имате прво во вид, а потоа да го имате политичкиот противник во вид. Политичкиот противник може на илјада начини да се дисквалификува политички, но не мора да се дисквалификува здравствено или морално. Тоа не е потребно.

Ви благодарам за сите процедурални интервенции, многу ми помагаат во водењето на оваа седница, но сега предлагам да се вратиме на материјалната расправа.

И давам збор на госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе,

Ја уважувам вашата забелешка, бидејќи често пати во Собранието сме обвинувани дека некој користи демагогија или погрешни податоци или го губи времето наместо да дискутира по закони или на некои други теми, јас би сакала, за да избегаме од демагогија, дискусијата да ја насочиме врз база на информамции кои ќе ги добиеме од министерот, а кои до сега не сме ги добиле ниту јавноста ги знае, ниту министерот ги искажа во воведното излагање, а мислам дека ќе бидат значајни во проценката на овој закон.

Имено, во членот 1 од Предлогот на законот за изменување на Законот за државни службеници се бара спроведувањето на обуката за работа во државната служба за припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се продолжи односно правилата кои до сега беа ограничени на 2006 година, сега да се продолжат дополнително уште една година.

За да можеме да ја донесеме вистинската одлука по овој закон, мислам дека пратениците треба да знаат кој ќе ја спроведува оваа одлука, дали тоа ќе бидат домашни институции или некој друг. Ако се работи за домашни институции, кои се тие? Дали Агенцијата за државни службеници или некој друг, кога таа обука ќе се спроведува, бидејќи одредбите би требало да важат до 2007 година, претпоставувам дека обуката е веќе во тек или ќе биде многу кратка, за разлика од претходните обуки.

До колку ја спроведуваат домашни институции, врз база на кои критериуми ќе ја спроведуваат и до колку не, кој и согласно каков договор би можел да ги обучува овие државни службеници кои припаѓаат на немнозинските заедници.

Јас би сакала , наместо да претпоставувам како пратеник, наместо да претпоставувам да го кажам моето мислење откако министерот ќе ни ги открие овие детали. Очекував дека тоа ќе го направи во воведното излагање, но не го направи, законот е сепак по некоја брза постапка така што немавме прилика овие работи да ги слушнеме од страна на Владата на Република Македонија, па согласно тоа да кажеме што мислиме за ваквиот предлог на Владата.

Што се однесува до многуте тези кои ги слушнавме од еден од потпретседателите на Собранието од господинот Догани, мислам дека најлесно ќе биде до колку пратеничката група на ДПА или самиот потпретседател, ни предложи закон за ограничување на правата на опозиционите пратеници, мислам дека еден голем дел од нивните проблеми ќе исчезнат. Меѓутоа, се додека не го предложат, дајте процедуралните забелешки да ги користитме за процедурално, а репликите за реплики. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

(Реакција од пратеникот Радмила Шекеринска)

Јас кога констатирав немаше никој, сожалувам. Повелете, не мислам да правам рестрикции...

**Радмила Шекеринска:** Претседателе, јас бев само пристојна и чекав да се пријави министерот, бидејќи упатив некои прашања кои, според зборовите на ВМРО-ДПМНЕ, заслужуваат одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сакав себе си да се оправдам затоа што и јас исчекав.

**Радмила Шекеринска:** Јас кажав дека врз основа на тие одговори кои ќе ги добиеме од министерот како пратеници наместо да претпоставувам...

**Љубиша Георгиевски:** Сега се пријавувате повторно за збор по втор пат? Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Имаше обид од страна на некои пратеници да кажат дека опозицијата односно СДСМ тера демагогија. Ние ја прифативме вашата забелешка и рековме ајде да не тераме тези кои некој ќе ги оцени за демагогија, дајте да се базираме на податоци. Кога ги поставив прашањата кои мислам дека по бегло читање на овој закон веднаш ќе ви паднат на ум, очекував дека министерот ќе ја искористи шансата да демантира некои стравувања од страна на опозицијата. Не се случи тоа.

Врз основа на тоа што министерот нема одговор на овие прашања односно го премолчува, би сакала сега да кажам како јас читам еден ваков Предлог закон донесен во една ваква процедура.

Оваа одредба од законот која сега Министерството предлага да ја промениме, се однесува на членот 95-б кој предвидуваше државните службеници кои не се во мнозинство во Република Македонија да можат да се вработат во една постапка прво да добијат обука, а потоа да станат дел од државната служба. Тука имаше различни толкувања дали е тоа во ред или не е во ред, се сметаше дека ова е рецепт од една страна да се подобри правичната застапеност во Република Македонија, а од друга страна новите државни службеници реално да

бидат поквалитетни отколку при отсуство на една таква обука.

Меѓутоа, се инсистираше ако се применува ваквата специјална постапка да се почитуваат одредени критериуми и затоа ниту една од државните институции во Република Македонија самостојно не ги спроведуваше овие постапки, туку врз база на договор кој го имаше Република Македонија со Европската унија и соодветни агенции, овие кандидати конкурираа практично пред Европската агенција за реконструкција, беа тестирани според постапка која од страна на сите беше оценета како многу транспарентна,отворена, чесна, бидејќи сите имаа подеднакви шанси да ја добијат обуката, а до колку положат да станат државни службеници. Навистина се предвидоа многу филтри и многу тестови за да не се случи овој член да биде мала врата за незаслужени вработувања. Дека е тоа така потврдува фактот што овие програми се спроведуваа, ако не се лажам, три пати, тоа е таканаречената ПАЦЕ програмата 1, 2 и 3 во која главен збор говореа искусни, истакнати европски експерти кај кои Владата не можеше дури ни да влијае, ни да интервенира ни да злоупотребува било каква положба.

Затоа се сметаше дека е ова само преодно решение додека трае таа програма на Европската унија, што на некој начин ќе ја подигне и отвореноста на постапката и чесноста и довербата која овие кандидати ќе ја имаат.

Затоа беше ограничено. Таа обука, патем речено, траеше за сите слушатели на обуката минимум 9 месеци. Учествуваа домашни експерти и професори, учествуваа странски, спомнав европски истакнати експерти кои 9 месеци работеа со овие државни службеници за да на крајот, ако ги положат испитите, ги добиваат правата и обврските на државни службеници, а ако не да не ги добијат. Сега што се случува? Се менува една година станува таа 2007, ама всушност главниот коректор на таа специјална процедура го нема. Очигледно штом министерот не сака да одговори, очигледно во овој проект веќе не фигурира Европската унија, очигледно е дека во овој проект не фигурира Европската агенција за реконструкција, очигледно е според молчењето на министерот дека всушност Владата ниту размислила ниту проектирала било каква обука, оти ќе слушневме некои инфорамции за таквата обука. Што е целта? Целта е членот 95-б со новиот член 1 во измените всушност да стане од мала огромна врата, ама не сега за правична застапеност, туку за партиски војници. На таа врата нема да стои никој. Нема да има никаква контрола освен министрите и нивните партиски врхушки и всушност што ќе легализираме со гласањето на ваков закон? Ќе легализираме до крајот на 2007 година кој како стигне да си добие потпис дека со некоја наводна обука која, претпоставувам ќе трае во попладневните часови во некои од скопските или тетовските кафеани, некој ќе стане државен службеник.

Ви велам, денеска сме 19 март, за да се тера постапката така како што се тераше во минатото, овој закон треба да биде променет и да стои 2008 година. Кога ќе се спроведе изборот на кандидати за да одат на обука? Колку месеци ќе трае? Порано траеше минимум два месеци. Кога ќе се спроведе обуката? Порано реков траеше минимум 9 месеци. Кога ќе се спроведе тестирањето? За што исто така беа потребни два месеци.Кој тоа ќе гонаправи, според кои правила и според кои закони.

Со овој закон, до колку биде прифатен од Собранието, се создава сива зона во која секој, а особено претпоставувам, бидејќи се јави потпретседателот од ДПА, ќе прави што сака. Всушност правичната застапеност ќе се користи како параван за создавање на ново стара партиска војска во државните исцтитуции. Преголема одговорност преземаат пратениците до колку аминуваат еден ваков закон. Забележувате дека Владата нема концепт, дека не станува збор за некаква планирана обука. Не случајно тоа што законот ни се предложи по ваква постапка, обидот беше, ако може никој да не забележи, бидејќи членот 1 вели наместо 2006 ќе стои 2007 година, ама што ќе се случува во овие 8 месеци освен вработување на главните луѓе околу партиските врхушки, не знаеме.

Апсолутно, како СДСМ немаме дилеми, дека политиката на правичната застапеност треба да продолжи. Но дека таа треба да се спроведува според некои критериуми. Ова веќе не е, дури, ни гаранција за правична застапеност. Затоа што ова, теоретски, може да се злоупотреби од кој како стигне. Утре ќе се појават двајца-тројца или во администрацијата или вон од неа кои ќе нудат некакви обуки. Оти овде не стојат какви ќе бидат тие обуки. Не се знае по кои критериуми ќе се спроведуваат, не се знае всушност ништо.

Сакаме, сака Владата само да и дадеме зелено светло нејзините партиски луѓе да прават што сакаат до крајот на 2007 година. Не мора да повторам, СДС од овие причини нема да го поддржи законот.

Меѓутоа, предупредувам дека со ваков закон правиме сериозен упад, како држава, во системот на државните службеници. Упад, за кој што Владата, како предалгач, но и пратениците кои ќе гласаат, ќе носат огромна одговорност. И, при тоа, нема да можеме да се повикуваме на никаква објективност, на никаква правичност и на никаква правична застапеност. Благодарам претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот министер за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе,

Овој закон не се носи заради некакви партиски војници. Овој закон се носи заради припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република

Македонија и кои, по соодветна обука, треба да влезат во државна служба.

Јас мислам дека на секоја работа, ако се сака да се стави некаква политичка боја, мислам дека тоа не е добро. Пратеничката Шекеринска кажа дека ако се работело така како што се работело во минатото, ние така не сакаме да работиме, како во минатото. Ние работиме по програми, работиме по цели што сакаме да ги оствариме, со одредени средства што сме ги обезбедиле во Буџетот на Република Македонија и ние тоа сакаме да го оствариме да граѓаните на Република Македонија кои не се мнозинство, а не се решение за партиски војници и не е добро за секоја работа да се става партиска боја. Мислам дека тоа не води кон добро.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Претпоставувам реплика побара госпоѓа Радмила Шекеринска.

Вашите три минути, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Навистина имам добра волја и желба, доколку има аргументи, да се разбереме. Министерот спомнува програми. Која е таа програма? Имаме ли програма што ја усвоила Владата, ја објавила, ја дефинирала во Буџетот? Каде е таа програма? Ако постои? Ако постои таква програма, каде се буџетските импликации, каде е тоа проектирано во Буџетот? Ако постои таква програма, кој е задолжен програмата да ја оствари? Ако има таква програма и има институција која е задолжена да ја реализира, зошто законов се носи во ваква постапка? Зошто министерот не даде одговор на прашањата што како опозиција ги поставивме? Која е институцијата? По кои критериуми?

Сме виделе ние дека одредбата “припадници на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија” се злоупотребува. И, тоа не е проблем само на Владата. Од секогаш постоела опасност таа одредба да се злоупотреби. И од партиски и од лични причини. Меутоа, целта на Владата треба да биде, се надевам, да ги ограничи можностите за злоупотреба. За да ги ограничи можностите за злоупотреба, треба да имате критериуми.

Не можам да поверувам дека Владата, по скратена постапка ни праќа закон, а при тоа ни “П” од програма за обука не постои. “П” од програма за критериуми не постои.

Она што постои е само законска можност вработувањата да станат исклучиво политика што ја водат партиските врхушки. Без разлика дали се ВМРО или не, нека биде и СДСМ, ефектот е ист.

Јас, навистина би очекувала дека министерот за правда, кој е задолжен во Владата и често пати говори дека мораме да воведеме ред во државната управа, да биде прв кој ќе ги прифати овие мои критики или сугестии. Министерот за правда треба да е прв кој ќе застане во одбрана на државната управа. Министерот за правда, на крајот на краиштата, треба да е прв кој ќе застане во одбрана на политиката за намалување на дискреционите овластувања.

Единствено нешто што читам во членот 1 е најшироки дискрециони овластувања. Бидејќи во ниту еден момент, никој од Владата не кажува која ќе биде постапката во следните осум месеци.

И, ќе повторам нешто што го кажав претходно, ако на министерот за правда му пречело тоа што обуките траеле девет месеци, критериумите биле претходно објавувани, постапките траеле два месеци, тогаш ние имаме сериозен проблем во борбата против корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинт Ружди Матоши на претходното излагање на госпоѓа Шекеринска. Повелете.

**Ружди Матоши:** Внимателно ја сослушав, но сакам да објаснам нешто пред граѓаните.

Госпоѓа Шекеринска, по се изгледа рече дека коалиционите партнери ги вршат овие работи во кафеани и ги претвораат во државни службеници партиските војници, што е контрадикторно и навредливо, по мое мислење. Причината зошто, затоа што сите луѓе кои стануваат државни службеници и имаат завршено факултет, факултетите ги имаат завршено на Скопскиот универзитет, Тетовскиот, УИЕ, во образовниот систем на оваа држава.

Истовремено, сите оние кои со средни училишта стануваат државни службеници, имаат завршено средни училишта исто така во оваа држава. Значи, начинот како тоа го нагласи претходниот говорник е навредлив за овие граѓани, да се констатира дека се земаат од кафеани и стануваат државни службеници.

Второ, се разбира дека процедурата е добро утврдена, одлуката за да станат државни службеници не е брза. Минатиот состав имаше обука девет месеци, државните службеници за да го добијат правото да станат државни службеници требаше да имаат девет месеци обука. После имаше испит каде имавме многу потешкотии со полагањето на тој испит, што значи дека беше проблем за да станат државни службеници. Тоа е посебно  кај Албанците.

Затоа не е на место реакцијата на госпоѓа Шекеринска. Јас барам поголема конструктивност во оваа насока за да дојдеме до правична и соодветна застапеност, поквалитетна и попрактична застапеност да биде во служба на сите граѓани, и правичната застапеност да биде исполнета што побрзо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има госпоѓа Шекеринска. Вашата минута, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Слушајки го пратеникот Матоши, би претпоставила дека и тој ќе гласа како СДСМ, затоа што неговите заложби не се косат со она што јас го говорев.

Во Македонија имате илјадници луѓе со дипломи за високо образование кои се невработени. Во

Македонија имате илјадници граѓани кои имаат диплома за завршено средно образование, а се невработени. Илјадници од нив се припадници на немнозинските заедници. И Албанци има со средно и високо образование во голем број. Имаме и Турци, Роми, имаме.

Прашањето е како ќе избереме кои од нив: 100, 150,200, 300, 1000 ќе ја добијат шансата да бидат државни службеници? Тоа прашање овој закон го одговара на погрешен начин. Вели дека нема никакви правила. Вели дека нема никакви критериуми. Кога нема критериуми, тогаш на крајот одлуките за тоа се носат во мали, тесни кругови, не почитувајќи никаква процедура, никаков закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред тоа молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 48, воздржани 2, протрив 18 пратеници.

онстатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за државните службеници.

**Минуваме на точката7-Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Збор побара Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Оваа Конвенција е многу значајна за Република Македонија и, навистина, не смееме да дозволиме незабележано да помине во ова Собрание, затоа што ова е еден од основните меѓународни документи на ОН со кои што целото човештво или сите земји направиле заеднички правила за борба против корупцијата, свесни дека корупцијата е еден светски феномен што се јавува особено последниве години, а е многу штетен и се заканува сериозно за сериозна и безбедносна, ги поткопува институциите на системот, а особено ги поткопува моралните вредности и свесни за штетноста на оваа појава, ОН донеле Конвенција за борба против корупцијатак, што е донесена во декември 2003 година. До сега, некаде околу 140 земји ја имаат потпишано оваа Конвенција, а ја имаат ратификувано 88 земји. Република Македонија е една од земјите кои веќе ја ратификувале оваа конвенција, но мора овде да се спомне и тоа дека за да се ратификува оваа Конвенција, земјата која ја потпишала, од моментот на потпишувањето на Конвенцијата, а тоа за Република Македонија е 18 август 2005 година, вклучително и Конвенцијата од Палермо, како популарно се нарекува, за борба против организираниот транснационален криминал. Секоја земја треба да се подготви внатре, да ги подготви институциите и правниот поредок.

Затоа е потребно овде да се потсетиме дека Република Македонија, до овој момент, до ратификацијата на Конвенцијата вложи особено енергија и тоа можам посебно да го потенцирам, Собранието во претходниот состав и Владата вложија посебна енергија за исполнување на бројни услови што се поставени во Конвенцијата да може истата да биде ратификувана.

Ако сериозно ја прочитате содржината на Конвенцијата, ќе видите дека бројни работи, бројни услови што се поставени за ратификација Република Македонија веќе ги има направено.

За борба против корупцијата, пред се е потребна политичка волја. Ние тоа сме го изразиле, па затоа СДСМ со оваа Конвенција, сакам да кажам дека безрезервно ја поддржува и ќе ја поддржи и денеска.

Прво и основно, почнувајќи од членот 6, каде што се бара земјите да имаат посебни органи за борба против корупцијата, секако и превенција, Република Македонија тоа уште во претходниот состав на ова Собрание го направила. Донесе бројни закони со што востанови, покрај оние уставно определени органи за борба против корупцијата, ја формира или востанови Државната комисија за борба против корупцијата, Дирекцијата за перење на пари, понатаму Одделот или Одделението во Јавното обвинителство за борба против криминал, не само организираниот, туку и обичниот, затоа што сме свесни дека криминалот е основа или извор за организираниот криминал, за економскиот криминал и за сите форми на понатамошен криминал. Секако, во Министерството за внатрешни работи е востановено уште 2004 година, ми се чини, Одделение за борба против криминал и организираниот криминал и воспостави Меѓуресорско тело за борба против корупцијата.

Членот 7 кој се однесува на јавниот сектор, веќе Република Македонија целосно ги има остварено условите што се ставени таму, затоа што веќе имаме донесено Закон за државни службеници, ја востановивме Агенцијата за државни службеници, но имаме исто така донесено Кодекс за државни службеници. Но, еве и претходната точка од дневниот ред што ни беше денеска на оваа седница јасно покажа дека не е важно само да се

донесуваат законите, туку во која насока ќе се насочи работата и како ќе се толкуваат тие. Затоа треба, а ќе потенцирам уште едно, Република Македонија е членка од 2000-та година на Групацијата ГРЕКО што е задолжена да се бори против криминалот, сметам дека не може ние само да донесуваме закони и да кажуваме дека сме ги исполниле условите, а после да се изврутува нивната имплементација.

Членот 9 што се однесува на јавните набавки како извор на корупцијата, уште во претходниот состав сме ги завршиле барањата или условите. Сме донеле Закон за јавни набавки и во овој закон е пропишана една транспарентна постапка околу јавните набавки. Но, за жал, повторно, како и во претходниот случај, со јавниот сектор или со Законот за државни службеници, каде што, патем да спомнам дека и покрај тоа што постои Закон за државни службеници, масовно ни се случуваат последниве неколку месеци промена на службеници кои ги исполнуваат сите критериуми и кои според Законот за државни службеници, а со успех ги извршувале задачите, иако постои Закон за државни службеници, повторно погрешно или политички го имплементираме, со тоа што го политизираме секторот, односно ја политизираме јавната администрација, иако основен услов, политички услов за приближување кон европската асоцијација е да securityполека ја деполитизираме јавната администрација, што впрочем сите го гледаме последниве неколку месеци, дека имаме обратен процес.

ака е и со јавните набавки, иако пропишавме, ставивме правна рамка за транспарентност во јавните набавки и голема одговорност, повторно и тука се случува, како што се случи случајот за набавка со непосредна спогодба од оваа Влада, тоа беше за набавката на мазут.

Во членот 14 се пропишани мерки за спречување на перење на пари. Тука го донесовме Законот. Воставовивме Дирекција за борба против перење на пари. Го променивме законодавството, кривичното законодавство во насока на тоа, востановивме одговорност за правни лица, а исто така востановивме институт на замрзнување и заплена на приноси од кривични дела. Меѓутоа, она што деновиве како актуелна, се поставува прашање, дали треба посебен закон за донесување на замрзнување, на одземање или конфискација на имотот или приносите што произлегуваат од кривични дела, треба околу оваа работа да се размисли. Јас сум за донесување на еден ваков закон, затоа што е ова уште еден услов за ефикасна борбата протв корупцијата.

На полето на заштита на сведоци исто така имаме посебна глава во оваа конвенција, го донесовме Законот за заштита на сведоци и воспоставивме еден систем на ефикасна борба но и превенција во оваа насока. Има уште доста постигнувања во однос на оваа Конвенција да се наведат, кои сме ги направиле во изминатиот состав, во изминатиот период и Парламентот во претходниот состав. Впрочем, на крајот на јули месец 2006 година беше правена евалуација на 17-те препораки на ГРЕКО, кои беа и услов, оценката беше услов за ратификација на оваа Конвенција, тогаш добивме позитивна оценка и беше констатирано дека 17-те препораки во првиот круг Република Македонија задоволително ги исполнила. Сега претстои, Владата тоа го знае, министерот тоа го знае, на 30 април 2007 година имаме втор круг на евалуација на 14-те препораки кои се однесуваат на имплементација на законите, точно она што го кажав дека ние ги донесовме законите, но сега треба да видиме како ќе се имплементираат и обуката и надзорот на лицата или на службениците кои се овластени да ги имплементираат законите. Тука во мојот говор дадов една своја забелешка дека обучените веќе јавни или државни службеници наместо понатаму да ги имплементираат законите, ние постапувајќи од политички побуди ги тргаме од ресорите или местата каде што давале резултати.

Сега поставувам прашање, секако и за мене и за Владата, што направи Владата на ова поле и што очекува во март месец оваа година кога ќе биде втората евалуација на 14-те препораки од ГРЕКО. Чувствувам потреба ова да го кажам, затоа што од пратениците на власта особено и од Владата се повеќе се слушаат изјави во стилот дека ништо не сме направиле во претходниот состав и дека неуспехот сме успеале да го претставиме како голем успех пред јавноста. Ова беа на кратко само работите, успешните работи кои ги направивме во изминатиот период, затоа што без нив денес немаше да ја ратификуваме оваа Конвенција.

Мислам дека Владата е свесна за сите овие достигања и од овие причини пратеничката група на СДСМ ќе ја поддржи оваа Конвенција и ќе гласа за нејзина ратификација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас благодарам, особено што се искажавте на кратко.

Повелете господине Михајло Маневски, имате збор.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Почитувани дами и господа пратеници,

Мислам дека нема потреба од долги говори за тоа дали има или нема потреба да се ратификува оваа Конвенција. Вие знаете дека Владата на Република Македонија е определена за конкретна, а не декларативна борба против корупцијата и тоа е присутно во јавноста.

Едно прашање кое што е значајно е зошто една ипол година оваа Конвенција не беше ратификувана, ако веќе биле преземани толку многу мерки за спречување на корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Илија Димовски.

(пратеничката Цветанка Иванова бара реплика)

Нека заврши господинот Илија Димовски, па ќе добиете реплика.

**Илија Димовски:** И јас би сакал да се вклучам во оваа дискусија, иако има непишано правило во Собранието на Република Македонија кога станува збор за ратификација за меѓународни документи да не се дискутира обемно и широко. Би сакал да кажам неколку зборови заради тоа што сметам дека оваа Конвенција има суштинско значење за натамошниот развој на Република Македонија и за натамошните текови кои ќе ги има Република Македонија во евроатланските интеграции поради тоа што во сите извештаи од меѓународните институции токмуу птоблемот со корупцијата и организираниот криминал беа посочувани во минатиот период како клучни проблеми со кои Република Македонија мора да влезе во битка. Мене ми е многу жал што во досегашниот период Република Македонија не го искористи времето да влезе во битка со корупцијата и организираниот криминал, па ние како земја имавме можност да паднеме дури на 105-то место на скалата на корупцијата, без разлика дали сме донесувале или не сме донесувале вакви или онакви акти, дали сме формирале вакви или такви институции во Република Македонија до пред неколку месеци немаше борба против корупцијата и немаше борба против организираниот криминал. Јас сум многу среќен што во последно време целокупната јавност на Република Македонија дава поддршка на борбата која што ја започна оваа Влада.

Би сакал да спомнам неколку работи кои за мене претставуваа голем сомнеж меѓутоа, и министерот пред малку ги спомна. Оваа Конвенција е отворена за потпишување на 11 декември 2003 година, значи пред повеќе од 4 години или пред 4 години. Потпишана е дури на 18.08.2005 година. На тогашната Влада на Република Македонија и требале две години за да ја потпише оваа Конвенција. Од 2005 до 2006 година, и тоа на крајот на месец јуни, односно во месец јуни е доставена за прв пат во Собранието на Република Македонија. Повторно еден огромен временски период во кој непотребно се одолговлекувало донесувањето на оваа Конвенција. Мене ми е жал што претходното парламентарно мнозинство и претходната Владата имале таков несериозен однос спрема еден ваков документ, кој претставува основна водила во борбата против корупцијата во сите модерни држави.

Во оваа Конвенција има исклучително важни и во исто време практични мерки кои секоја Влада односно сите институции во една држава може да ги применуваат во борбата со корупцијата и мене ми е многу мило што во последните неколку месеци во два наврати Министерството за правда, прекуу Законот за изменување на Законот за спречување на корупцијата и преку Законот за судир на интереси успеа пред ратификувањето на оваа Конвенција да внесе значајни одредби во позитивниот правен систем на Република Македонија. Меѓутоа, сакам да потенцирам дека политичката волја е многу битна, меѓутоа, многу е побитно суштинската политичка волја, дали владеачката гарнитура навистина има волја да се бори против коурпцијата. Јас сум многу среќен што ја поддржувам токму оваа Влада која што е за прв пат оценета како Влада која што има капацитети и има суштинска волја да се бори да се бори против корупцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова, повелете со вашата реплика, вашите три минути.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе,

Прво, дека немало борба против корупцијата, за да се отпочне со борба против корупцијата потребни се предуслови. Прво, потребна е правна рамка, затоа што без правна рамка се е волја само на некој што ја води институцијата. Потребно е јакнење на институциите. 2002 година точно од тука почнавме. Многу малку памтиме, кратко памтиме, но вратете се назад. Видете ги само членовите што требало Република Македонија да направи за овој период на полето на законодавство и што досега не е направено и на полето на воспоставување прво на нови институции кои ќе се борат против корупцијата и јакнење на институциите.Немојте да сметате дека нешто почнува од вас. Ќе видиме, можеби и оваа еуфорија, мене ова не ми личи на безпоштедна борба-да, безпоштедна борба против корупцијата, но против одредени лица, селективно. Ова ми личи веќе на заплашување. Кога ќе завршат судские процеси, таму каде што навистина има корупција сите овие активности ќе ги поддржиме, но таму каде што нема ќе видиме, ќе покаже времето.

Затоа, немојте колега Димовски да брзате. Треба да знаете како се потпишува конвенција и треба да знаете како се ратификува конвенција. За да се потпише треба да се исполнат одредени услови, а за да се ратификува треба уште повеќе да се исполнат услови. Сме ги исполниле ние тие услови, затоа денес-претходната Влада впрочем ја потпишала оваа Конвенција, значи имала политичка волја. Немојте, ништо не почнува од денес, ништо не почнува од мене, ништо не почнува од вас. Ова е зло против кое сакаме да се бориме, секако можеби и вие но и ние овде, особено ние пратениците од СДСМ.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата на ОН против корупцијата.

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места, затоа што ќе минеме на гласање.

Ги молам службите да доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

Ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата, ќе преминеме на гласање.

Добро, имаме мнозинство, во салата се присутни 61 пратеник.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеници, сите 61 гласале за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен, гласале 60, сите 60 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите 61 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата на ОН против корупцијата.

**Минуваме на точката 8-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владите на Државите на Бенелукс (Кралството Белгија, Големото Војводство Луксембург, Кралството Холандија) и Македонската Влада, кој се однесува на преземање на лица со незаконски престој (Договор за преземање), со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски. Повелете.

Пред да започнете, дали ќе ви бидат доволни пет минути да се искажете? (да).

Малку порано морам да дадам пауза заради протоколарни причини.

**Никола Поповски:** Да, доволни се пет минути.

Претседателе, и почитуван претставник на Владата, претпоставувам дека има претставник, колку што гледаме од Договорот, тој е потпишан на 30 мај 2006 година меѓу кралставата на Холандија, Белгија и Луксембург од една страна и Македонија од друга страна и денес е дојден на ратификација во Македонија.

Би сакал да упатам на членовите 3 и 4 од овој Договор, кои денес со ратификацијата ќе станат составни делови на нашето законодавство и едновремено да прашам дали Република Македонија меѓу потпишувањето на Договорот од 30 мај 2006 година до денес создаде други правни претпоставки за да можеме да го спроведуваме договорот, затоа што тоа што господинот Илија Димовски пред малку го дискутираше на погрешен начин со Конвенцијата, сега е тука обратно, мислам дека може да ни предизвика проблеми ваквото брзање со ратификација, затоа што од потпишувањеето на договорот до ратификацијата треба да се направат некои други подготовки за да се обезбеди страната што тоа го преземала, да ги извршува обврските кои произлегуваат од Договорот. Не исклучувам дека јас грешам, меѓутоа, сметам дека само за 10 месеци од потпишувањето на Договорот, да дојде на ратификација веднаш подразбира дека Владата ги исполнила условите кои на Македонија условно да кажам и се закануваат, а кои произлегуваат од членовите 3 и 4 на Договорот.

Членот 3 гласи: “Преземање на државјани од третта држава”- да рпочитам само што пишува во одредбата-”Секоја договорна страна (значи и Македонија) ги презема на територијата на својата држава по барање од другата договорна страна , во овој случај Холандија, Белгија и Луксембруг и без формалности државјаните на трета држава кои не ги исполнуваат или не ги исполнуваат повеќето услови за влез или престој на територијата на државната страна, на договорната страна молител”. Само да потсетам претседателе дека во околината на Македонија во текот на минатата деценија и особено во 1999 година, мислам дека на сите ни е јасно за што зборувам, се случуваа некои поголеми меѓународни воени судири кои инволвираа употреба на меѓународни воени сили од 10-15 држжави кои продуцираа голем бегалски бран, за кој сите знаеме дека еден дел од тој бран помина низ Република Македонија и нашите аеродроми кон, во овој случај, државите од Холандија, Белгија и Луксембруг. Со овој договор ние се обврзуваме со член 3 и со член 4 на тоа што го прочитав, а член 4 дури и гласи дека “доколку едно лице е пристигнато на договорната страна молител (да речеме Холандија или Белгија) не ги исполнува важечките услови за влез или престој и кое поседува важечка виза издадена од другата договорна страна или дозвола за престој издадена од замолената договорна страна, таа истата врши враќање на тоа лице по барање на страната молител”.

Мислам дека е јасно што може да ни се случи доколку во меѓувреме од потпишувањето на овој договор во мај 2006 година до денес Македонската Влада не создава други правни претпоставки, ако се случи враќањето по член 3 и 4 на државјани од трета држава, иако е малку спорно тоа треба правно да се толкува, дали тој за кого алудирам има статус на трета држава, меѓутоа не како статус сигурно има во меѓународната заедница. Македонија дали

постигна договор и има договор со таа страна, да го направиме истото по примањето на тие лица од Холандија, или од Белгија, или од Луксембург кај нас, па го имаме истиот договор со таа страна, за да ги условно кажам, транзитираме натаму. Или ќе останат во Република Македонија. И затоа прашувам дали се создадени сите правни претпоставки да го ратикуваме овој договор толку брзо. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има заменик министер за надворешни работи Зоран Петров, повелете.

**Зоран Петров:** Благодарам.

Овие прашања претпоставувам биле отворени во времето кога се потпишувало оваа ратификација. Тоа е мај 2006 година.

Овие прашања, овој договор е веќе потпишан. Претпоставувам дека тогаш двете договорни страни, Република Македонија и претставниците на овие три држави, ги разгледале сите можни опции, и претпоставиле дека тие се остварливи. За жал, не знам дали има тука претставник од претходната Влада, да ни објасни што значеле и кога се разгледувале овие прашања дали биле земени предвид и овие опции што ги кажа господинот пратеник. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Со оглед дека претставникот на Владата, кој наместо да се повикува на поранешни функционери на Владата, требаше да ни даде одговор, дали е тоа склучено или не. Мене ми е жал, што не може да се направи разллика меѓу сферата на потпишување на договор и ратификација. Затоа државите кога потпишуват договор за ратификација поминуваат понекогаш и години, за да се стекнат другите правни потреби тој договор да профункционира. Со оглед дека добивме директен и недвосмислен одговор од претставник на Владата кој нема сознанија дали имаме договори кој ќе го овозможат неспреченото спроведување, да не биде на штета на Република Македонија, претседателе, предлагам или Владата да го повлече времено овој закон за ратификација за наредна седница, затоа што не гледам сигурност дека Владата во меѓувреме непаравила потребни меѓу чекори.

Го повикувам претставникот на Владата да го повлече чекорот, со оглед дека од таму не наоѓам плодна почва за дебата, туку наоѓам плодна почва за дисквалификација што беше кажано со зборовите повикајте претходна Влада да ви соопшти. Тогаш апелирам и до парламентарното мнозинство да го прифати мојот предлог кој го давам согласно Деловникот, точката да се симне, пред сериозно да се види што може да се случи со овој договор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, за збор се јави заменик министерот за надворешни работи, повелете.

**Зоран Петров:** Нема да навлегувам во личните квалификации каква почва создавам јас, но ќе кажам накратко. Република Македонија има обврска да ги ратификува сите потпишани спогодби во делот на реадмисија, бидејќи согласно Договорот во декември минатата година ни претстои тн., договор за хоризонтална реадмисија со членките на Европска унија. Тој период е многу брз да ги завршиме сите овие обврски што се потпишани, посебно во поглед на реадмисијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овде би ја предкинал седницата. Би дал пауза за ручек, бидејќи помина времето, а се и моите протоколарни обврски за франкофонијата.

Ќе продолжиме во 15,00 часот.

(по паузата)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,07 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со расправа.

Има збор господин пратеник Никола Поповски, не е присутен во салата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Пред да го прочитам и пред да преминеме на гласање би ве замолил да влезат пратениците во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Имам чувство дека пратениците се во Собранието.

Објавувам пауза од 15 минути.

Ги молам координаторите да обезбедат доволен број пратеници за гласање.

(Пауза од 15 минути)

(По паузата седницата продолжи во 15,36 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу Владите на државите на Бенелукс (Кралство Белгија, Големото Војводство, Луксембург, Кралството Холандија) и Македонската Влада, кој се однесува на преземање на лица со незаконски престој (Договор за преземање).

Ве повикува да гласаме.

Во салата се присутни 68 пратеници, гласале 60, сите 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите 65 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам декае усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор.(Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за, нема воздржани, нема против.

Костатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот помеѓу Владите на државите на Бенелукс (Кралство Белгија, Големото Војводство, Луксембург, Кралството Холандија) и Македонската Влада, кој се однесува на преземање на лица со незаконски престој (Договор за преземање).

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор.

Има збор Вера Рафајловска, министер за економија.

**Вера Рафајловска:** Почитуван потпретседателе на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници, почитувани дами и господа.

Иницијативата за донесвување на измените и дополнувањата на Законот за енергетика произлегуваат од обврските и определбите на Европската унија кои се прифатени од страна на Република Македонија и од оние кои претстојат во процесот на приближување на законодавството, извршените и започнатите измени во структурата на енергетскиот сектор на Република Македонија, либерализација на пазарот на електрична енергија во Република Македонија и целите кои се сакаат да се постигнат во енергетиката и во економијата во Република Македонија на среден и долг рок. Овие измени особено се во функција на безбедноста на снабдувањето со елекртична енергија на сите потрошувачи на Република Македонија. Причини за донесување на измените на законот произлегуваат од рестартирањето на поголемите индустриски капацитети во републиката и природниот пораст на потребите од електрична енергија кај домаќинствата како и кај другите групи потрошувачи во последните неколку години во кој се јавува недостиг на домашното производство на електрична енергија и ќе мора да се обезбедува од увоз на електрична енергија. Изградбата на новите производни капацитети во републиката е долготраен и скап процес кој е поврзан со обврската за издавање суверени гаранции на кредити со ангажирање на приватниот капитал. Ви почитувани пратеници знаете дека се покренати постапките за тендерите за изградбите на Чебрен и Галиште, на приватизацијата на ТЕЦ Неготино со обврската на инвеститорот да вложи во нов капацитет. Понатаму, тендерите за малите хидроцентрали кои во пакет сега отидоа во првата тура од 60 мали хидроцентрали, понатаму тендерите кои што ќе бидат објавени за хидроцентралата Бошков Мост итн. Значи, покренати се постапки, меѓутоа тие процеси се како долгорочни во однос на обезбедувањето на електрична енергија во Република Македонија. Во една ваква состојба големите потрошувачи на електрична енергија ги зголемија своите потреби за исполнување на своите развојни планови. Овие потреби се надвор од досега издадените документи за приклучување на електроенергетскиот систем и за снабдување со електрична енергија. Исто така, во наредниот период во натамошен развој на индустриските и другите капацитети во републиката ќе биде актуелно обезбедувањето на дополнителни количини на енергија кои нема да можат да се обезбедат од постојните производни капацитети на АД ЕЛЕМ. Со Законот се предлага количините на енергија за големите директни потрошувачи на преносната мрежа согласно документите за нивното приклучување на енергетскиот систем, потребните количини за престојниот период и енергетските биланси да се снабдат од расположивите количини на енергетскиот систем во Република Македонија кој ќе ги утврди АД МЕПСО со посебна одлука и договор меѓу страните. Согласно предложените решенија, респектираајќи ги производните можности на постојните електрани во републиката и документите за приклучување на електроенергетскиот систем како преземени обврски за снабдување на количините на електрична моќност и енергија во рамките на тие документи, обезбедувањето дополнителни количини електрична енергија и моќност во републиката треба да бидат обезбедени од самите потрошувачи. Притоа истите ќе бидат обезбедени од увоз за што АД МЕПСО ќе има обврска само за пренос на истите согласно регулираните цени за вршење на услугата за пренос. Предложеното законско решение дава основа за позитивно разрешување на обезбедувањето на дополнителните количини на

електрична енергија за потрошувачите во републиката. Истовремено ова решение оди во прилог на процесто на постепена либерализација на пазарот на електрична енергија што е прифатено како обврска на Република Македонија која произлегува со нејзиното членство во енергетската заедница на земјите од Југоисточна Европа и Европската унија и со примена на директивите на Европската унија за пазарот на електрична енергија и природен гас.

Последната измена во Законот се однесува на усогласување на казнените одредби со Законот за прекршоци.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:**

Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке за економија. Би сакала накратко да продискутирам за предложените измени и дополнувања за Законот за енергетика. Оваа точка третира проблематика која за жал, на поглем дел од присутните пратеници и на поголем дел од македонската јавност и е многу малку позната. Третира проблематика која изгледа многу нејасна на прв поглед, меѓутоа проблематика која е битна за стопанството на Република Македонија и уште повеќе проблематика која носи многу големи обрти и износи на пари.

Ќе се обидам на кратко да објаснам која е содржината на овој закон, притоа користејќи разбирливи термини за обичниот човек. Поради тоа наместо стручните термини во моето излагање ќе ги употребувам народски прифатените термини, на пример наместо електрична енергија во моето излагање ќе го употребувам терминот струја, наместо тарифни потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа, ќе го употребувам терминот: големи потрошувачи и сл. На почетокот сакам да кажам дека прво СДСМ се залага за либерализација на пазарот на електрична енергија. Значи, овој дел од законот е неспорен за СДСМ. Меѓутоа, исто така СДСМ се залага за транспарентна распределба на количините на електрична енергија. Што значи тоа? Нетранспарентноста која што ја нуди овој закон е очигледна. После информациите до кои успеав да дојдам после седницата на Комисијата за економски прашања контактите и документите добиени од Министерството за економија, од МЕПСО, од големите потрошувачи, од Регулаторната комисија уште повеќе потврдија дека во законот нарочно се работи за намерно напишана збрка кои ја нудат овие промени во Законот за енергетика. Зошто тврдам така? Впрочем законот од страна на Министерството за економија и од страна на МЕПСО бил три пати предлаган во првична верзија до Владата на 1 февруари, па на 5 февруари, па уште еднаш и од таму бил праќан на корекции за намерно да не се дефинира најбитниот дел од овој закон. Факт е дека после разговорите мои, после мојата дискусија на Комисијата за економски прашања, после дискусиите и разговорите и средбите со претставницте од МЕПСО, очекував дека ветувањата кои ми беа дадени, очекував дека Министерството за економија амандмански ќе реагира во транспарентнста на законот. Очекував дека амандмански ќе реагира во поделбата на количината на електрична енергија од домашен пазар и од увоз, на начинот на нивната распределба кај големите потрошувачи и кај домашните мали потрошувачи, или дистрибуцијата. Меѓутоа, такво нешто не се случи. Ова укажува дека овој пропуст не е случаен, туку намерен.

Економски најсуштинскиот дел од овие измени и дополнувања на Законот за енергетика се базира врз принципот на чесен збор, односно останува да веруваме дека луѓето кои ќе го имплементираат законот во пракса ќе бидат чесни и поштени особи. Јасно е дека не се работи за политички закон, туку се работи за еконoски закон. Економски закон кој вака како што е предложен, а предлогот не ја дефинира најглавната област на законот, распределбата на струјата кај големите потрошувачи колкав би бил процентот кој тие би го добивале од увоз, а колкав процент би купувале од домашниот пазар, нуди можност за огромни злоупотреби.

Во членот 2 од Законот на снабдувачот МЕПСО му се дава право без никакви законски критериуми да донесува одлука на кого, колку ќе му подели количина струја која ќе ја набавува оваа група. Всушност и во образложението на законот е пишано така дека откако Парламентот ќе го усвои законот понатамошните критериуми ќе ги утврди АД МЕПСО со посебен договор и спогодба меѓу странките. Се прашувате кој би злоупотребил и каде би можеле да бидат тие злоупотреби. Да кажам нешто што им е јасно помалку, или повеќе на сите наши граѓани дека најголемите профити во светската економија се остваруваат во енергетскиот сектор. После црните бизниси, трговијата со оружје, трговијата со наркотици и бело робје енергетскиот сектор каде спаѓа нафтата, гасот, струјата и слично се бизниси со најголеми износи на пари, а со тоа и бизниси каде се остваруваат најголеми добивки. Овој закон нуди можност еден човек, дали тоа ќе биде еден човек, директорот на МЕПСО како што е пишан законот, или тој еден човек би бил премиерот на Република Македонија, на пример за една недела да спечали 50 милиони евра. Кога би споредиле со редовната плата на овие именувани функционери ако работат и осум и петнаесет и дваесет часа на ден, ако добиваат по 1000 евра плата месечно и ако многу штедат за 4 години би заштедиле 50 илјади евра. Законот како што е напишан и предложен нуди за една недела да се добијат 10 милиони евра, 20 милиони евра, 50 милиони евра. Така што личното богатство на поодelни луѓе, да, ова е сосема така, уште во

првата година од директорувањето, или претседателствувањето со Владата би станало многу слично на претходниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ од информациите. Овој закон вака како што ни е предложен нуди, преку неговата имплементација еден човек не да добие 300 евра како македонскиот и меѓународниот експерт пулмолог, туку многу поголеми суми пари, нуди можност, 10 милиони евра, 20 милини евра, и повеќе. тие би ги добил сообраќаецот кој на раскрсницата каде ќе си управува која струја кај кој потрошувач ќе оди да ги добие овие средства. За што се работи?

Би прочитала на кратко вредности на средства кои би ги заштедиле големите потрошувачи ако купуваат струја од увоз како што предвидува законот, односно ако купуваат струја од слободниот пазар или ако купуваат струја од домашните производители. На пример, ФЕНИ ако купува струја од извоз со цена, моите пресметки се правени цена на струја од 70 евра за мегават час, а од денешниот дневен печат видовме дека за 2007 година увозната струја изнесувала 71,19 евра мегават час. Значи, се работи за уште поголеми суми пари. На пример на ФЕНИ би му требале да потроши за електрична енергија за цела 2007 година 25 милиони 726 илјади евра повеќе, ако увезува, отколку ако плаќа домашна струја. Бучим Радовиш и тоа е во големите потрошувачи би требало да плати 4 милиони евра повеќе, односно 4 милиони евра разлика дали струјата ќе ја купува од увоз или струјата ќе ја купува од МЕПСО, од домашниот пазар.

Значи, сите овие 9 големи потрошувачи кои егзистираат на подрачјето на Република Македонија и кои го имаат добиено третманот големи потрошувачи би платиле за 2007 година вкупно околу 140 милиони евра за струја, ако ја увезуваат таа струја или би платиле 56 милиони евра за струја ако ја купуваат од домашниот пазар. Станува збор за разлика во цена од преку 85 милиони евра за кои нема да е јасно на база на кој критериум ќе ги заштедат големите потрошувачи или пак ќе ги плаќаат останатите мали потрошувачи во Македонија, односно ќе бидат исплатени од страна на даночните обврзници, од страна на македонскиот граѓанин, од страна на Буџетот на Република Македонија.

Искрено да ви кажам јас се надевам до почетокот на седницата оваа нетранспарентност за тоа што луѓето кои малку ја познаваат оваа област, е толку јасна и видлива дека оваа нетранспарентност ќе биде корегирана. Наш предлог од страна на СДСМ за отстранување на оваа нетранспарентност, впрочем имаме и амандманска реакција. Меѓутоа, како одат досега работите во Собранието, многу малку се надевам дека овој амандман ќе биде прифатен.

Уште малку би сакала да појаснам за начинот на кој се управува електричната енергија односно струјата во Република Македонија. Минатата година Владата го потпиша Договорот на енергетската заедница на земјите од Југоисточна Европа, кој е еден од првите усогласувања со слични договори на Европската унија. Овој Договор за енергетска заедница на Југоисточна Европа, кој два пати годишно, потоа Комисијата која го следи и го проверува дали државата реагира согласно со овој Договор, предвидува либерализација на пазарот на електрична енергија односно можност за купување на струја од слободниот пазар, постапна, како што и предлогот на законот нуди, со тоа што до 2015 година и домаќинствата односно сите потрошувачи во Македонија би купувале струја од слободниот пазар.

Целиот европски енергетски систем е поврзан и практично потрошувачите од Македонија би можеле да купуваат струја од Бугарија, од Босна и Херцеговина, од Шведска, од Украина и од секаде каде што ќе се најде слободна енергија, слободна струја и каде што одговара цената. Притоа, за ова купување на струја се плаќа само патарината низ преносните водови меѓународни, додека дојде до потрошувачот. Меѓутоа, поради недостаток на регионалниот пазар на Балканот од електрична енергија односно од струјата, цените се многу високи, цените рапидно се зголемуваат од месец во месец и последниот тендер на МЕПСО е јасен, како што и беше изнесено во печатот дека не може да се обезбеди струја доволно за македонските потрошувачи и поради тоа Владата беше принудена да интервенира со ова дополнување и измени на законот, како би можеле барем малите и средни потрошувачи да имаат континуирано струја. Впрочем, доказ за колкави средства се работи, доказ дека се работи за плус-минус 80 милиони евра, кои ќе се договараат во четири очи претставува и изјавата на гувернерот Петар Гошев, во која што тој кажува дека увозот на реагенси има големо влијание врз платниот биланс на државата. Тоа е така, затоа што од вкупниот увоз со 20,2% учествува увозот на реагенси односно годинава само за увоз на електрична енергија ќе ни се потребни 200 милиони евра. Значи, целата расположива струја, која ја произведуваат македонските централи, која ја произведуваат постоечките термоцентрали и хидроцентрали, вкучително и ТЕЦ Неготино ќе се распределува на македонските потрошувачи, како што беше појаснето и на Комисијата за економски прашања, еден дел од домашната струја ќе оди на дистрибутивните потрошувачи, еден дел ќе оди на големите потрошувачи. Останатиот дел потребен за големите потрошувачи, дали тоа ќе бидат 70% или 80% од нивните потреби, тие сами ќе купуваат од слободниот пазар. Исто така, еден дел од струјата домашните потрошувачи дистрибутивните, МЕПСО ќе им купува од увоз електрична енергија или струја.

Во член 2 од предложените измени и дополнувања на законот за енергетика, кој е токму сега на дневен ред се дефинира дека тарифните потрошувачи на големо, кои се директно приклучени на преносната мрежа или

таканаречените големи потрошувачи, ќе можат дел од нивната потребна енергија да купуваат од слободниот пазар. Повторувам, дел од нивната потребна електрична енергија или потребна струја ќе купуваат слободно од пазарот, а дел ќе купуваат од МЕПСО. Разликата во цената помеѓу делот кој би го купувале од МЕПСО и делот кој би го купувале од слободниот пазар е најмалку 1 према 3. Разликата во цената нуди можност за остварување на големи профити, а не нуди на законодавецот и на нас како Парламент, на нас како пратенички состав кој би го изгласал овој закон никаква контрола на тоа, која количина на струја, ФЕНИ или Цементара ќе ја купува од МЕПСО по 1/3 помала цена, која количина на струја ќе ја купува од слободниот пазар по три пати поголема цена. Останува можност за злоупотреба. Останува можност поголем процент 50% до 60% условно ФЕНИ да купи од МЕПСО да купи по ниска цена, а Цементара целата струја ја купи од слободниот пазар.

Врз основа на сето ова беше кажано дека поделбите и издвојувањата на кој колкава количина струја ќе му се даде ќе се прави врз основа на досега издадените документи. Секако и врз досега издадените документи на електроенергетските согласности, договори за снабдување, кои и покрај моите барања деновиве не успеав да ги добијам односно од Министерството за економија ми беше одговорено дека ќе треба да се побара од МЕПСО, а во МЕПСО дека тие се застарени документи.

Уште една непознаница, уште една можност за огромна манипулација. Уште една можност еден човек во Република Македонија да манипулира со милиони евра, а ние овде ќе зборуваме и ќе се расправаме за закон за празници, за Деловник, ќе трошиме енергија убедувајќи ги граѓаните дека - Инвестирајте во Македонија е акција на Владата, што уште друго се случува деновиве, секој ученик ќе добие по еден компјутер, а некој во џеб ќе си стави, благодарение на овој економски закон милиони евра.

Апелирам до пратениците од владејачкото мнозинство да не дадат согласност на законот каков што е предложен. Мислам дека Министерството за економија разбира дека донесува односно дека предлага закон кој нуди многу недоречености, дека предлага закон во кој главното не е дефинирано. Поради тоа е неопходно потребно за денес пратеничкиот состав да не го изгласа овој закон. Во спротивно, после 4 години ќе гледаме слики во нашите весници како некој оди на Малдиви или Дубаи, ќе гледаме фотографии од егзотични дистанци на луѓето кои благодарение на сите нас овде, благодарение на членовите на политичките партии чии водачи се тие, успеваат да го збогатат личното богатство за милиони евра, а ние овде ќе останеме да дебатираме за многу битни прашања за државата, меѓутоа, нив ќе ги нема за жал меѓу нас, како што и сега се случува со веќе слични луѓе.

Другата контрадикторност помеѓу постојниот Закон за енергетика и проблематиката која со овој предлог-измени и дополнувања на законот е третирана е членот 75, кој токму се однесува на оваа проблематика. Јас би го цитирала: “Операторот на пазарот на електрична енергија, а тоа е МЕПСО, е должен со претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика да ги донесе и да ги објави во Службен весник на Република Македонија пазарните правила со кои се уредува. Тоа се пазарни правила кои се многу битни и многу важни, кои се законски предвидени за уредување на токму проблематиката со слободното набавување на електрична енергија. Организација на пазарот на електрична енергија, воспоставување, организирање и контрола на тргувањето со моќност, електрична енергија и системски услуги, вклучувајќи го и прекуграничното тргување, краткорочна прогноза, постапка за порамнување на договорените и остварените трансакции врз основа на мерењата направени од страна на операторот, следење на состојбите и појавите на пазарот, механизам за добивање информации од други вршители на дејности за развојот на конкурентските односи на пазарот”. Овие пазарни правила кои се законски предвидени да се донесат, па потоа да се либерализира пазарот, се уште ги немаме донесено во Република Македонија. Пазарните правила условени од Законот за енергетика кои го организираат пазарот на електрична енергија, за жал, ќе останат за некое идно време, а ние ќе овозможиме големите потрошувачи да купуваат дел струја од слободниот пазар, а дел струја од МЕПСО. Повторувам, разлики на цени од 1 према 3 по количини, при кои се остварува годишна разлика од цена од преку 80 милиони евра и недефинирано во законот кој денес е предложен, туку за тоа би одлучувал надвор од законските институции еден човек. Тој човек би бил, веројатно директорот на МЕПСО, тој човек би бил можеби неговиот претпоставен премиерот на македонската Влада или некој друг. Сосема е јасно дека со овие законски измени се остава можноста за дискриминација и нееднаков третман на поедини потрошувачи од истата категорија.

Поради тоа уште еднаш би кажала дека СДСМ нема да го подржи овој закон и уште повеќе дека СДСМ очекува надлежното министерство да го повлече законот заради допрецизирање и заради доработка.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерката за економија. Повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам.

Прво, не е точно дека законот се враќаше неколку пати, туку Владата на Република Македонија имаше разбирање за големите потрошувачи да го донесе овој закон, кој требаше да важи од 1

јануари 2007 година, а тоа разбирање беше да не се затекнат големите потрошувачи во период кога електрична енергија на пазарот кој што недостасува во регионот и пошироко, би ја купувале по знатно зголемени цени или многу високи цени, а тоа значи дека им се остави простор со примената од 1 јули ќе излезат на пазарот кога електричната енергија ќе добие нормални цени, се разбира, заради периодот кој што претстои.

Втора работа, вие пратенички бевте контрадикторни, така што сте за либерализација на пазарот, а потоа објаснувате што е набавка на електрична енергија од домашен пазар, а што е од странски пазар. Во однос на тоа што сметате дека тоа ќе биде на товар на даночни обврзници, ви укажувам дека сега е на товар на даночни обврзници, бидејќи државата дава привилегирани цени, а тоа е државна помош за која што на индиректен начин е државна помош, се разбира, за која што имаме неверојатни критики од европската заедница. Она што беше кажано дека како потписнички на договорот на енергетската заедница, точно е и ви одговараше да кажете дека либерализацијата ќе оди постепено до 2015 година. Меѓутоа, не кажавте дека ние имаме обврска како потписнички од 1.1.2008 година веќе да ги либерализираме големите потрошувачи.

Понатаму, што се однесува до веќе набавката на електрична енергија од страна на големите потрошувачи, ФЕНИ веќе почна да увезува самостојно. Тоа значи дека Законот си е добар.

Трета работа, веќе ќе се работи на формирањето на берза. Ние мораме либерализацијата да ја направиме во однос на електричната енергија. Како потписнички на договорот на енергетската заедница ја имаме таа обврска и за безбедност на пренесување на електрична енергија и гас.

По однос на транспарентноста на критериумите, ве убедувам дека тоа ќе биде договор меѓу МЕПСО и големите потрошувачи. Се разбира дека Владата ќе ја даде својата одлука понатаму и уште ве убедувам и тоа си стои во Законот дека Регулаторната комисија ќе го контролира тоа, а таа е независна, што впрочем вие тоа многу добро го знаете. Така што, мислам дека сите овие аргументи за кои што зборувате, апсолутно не се издржани.

Што се однесува до прашањето на вашиот одговор, ние ви доставивме енергетски биланс на Република Македонија за 2007 година, објавен е во Службен весник во 136 на 27 декември 2006 година и нормално ве упативме на купопродажните договори кај МЕПСО и кај тие што се големи потрошувачи, ФЕНИ, СИЛМАК итн. Значи, она што сега големите потрошувачи го имаат како тарифни потрошувачи, се разбира, дека има привилегирана цена која што е на товар на државниот Буџет. За тоа не треба да ве убедувам, тоа веќе сигурно го знаете. Заради тоа што вие знаете дека оваа зима ние имавме криза на електрична енергија, затоа што немаше обезбеден тендер, затоа што имаше многу работи кои што требаше да се решат во моментот и за што државата одвои, вие знаете колку пари критикувавте да се купи мазут за да работи ТЕЦ. Јас само толку можам да ви кажам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика по однос на говорот на министерката за економија госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуваната министерка токму го потврди тоа што го истакнував јас цело време дека либерализацијата на пазарот е неопходна и потребна. Дека и СДСМ не е против либерализација на пазарот на електрична енергија. Меѓутоа, предложеното законско решение не го нуди начинот на кој ќе се врши распределбата на домашната 1/3 помала цена, на домашната струја од МЕПСО кај големите потрошувачи.

И вие во вашето сегашно излагање кажавте дека има транспарентност со тоа што ќе се направи договор помеѓу МЕПСО и големите потрошувачи, колку струја ќе им дава МЕПСО. Се работи за милијони евра. Милијони евра се регулираат со закон, не се регулираат да се остава нанекоја фирма, било тоа да е МЕПСО и големите приватни потрошувачи, нема ние овде да ги браниме приватните гиганти, како ФЕНИ, Цементара, и другите 9 најголеми макеоднски потрошувачи, со тоа што ќе им даваме на нив привелигирана цена 30-40% од вкупната набавка на струја, ниту пак законот вели дека целата струја големите потрошувачи ќе ја купуваат од увоз. Туку, драгоцениот закон токму тоа го кажува, како што и вие министерке кажавте, дека дел од таа струја ќе ја купуваат од домашниот пазар, од МЕПСО, по многу мала цена тие големи потрошувачи, а дел ќе купуваат од слободниот пазар. И сега ФЕНИ купува, како што кажавте струја струја од слободниот пазар, меѓутоа, купува еден дел струја од МЕПСО. Колкава е таа пропорција на струјата која ја купува од МЕПСО по многу ниска цена, а колкава е струјата која ја купува од слободниот европски пазар, ние тоа не го знаеме. Тоа се договара во четири очи, тоа се големите трговци за електрична енергија кои постојат во Европа, тоа се канцеларии од по 3-4 вработени кои компјутерски распределуваат од каде ќе купат струја и кому ќе му ја продадат и по која цена.

Према тоа, 20-те милијони евра кои ги дадовме поклон на МЕПСО со ребалансот од Буџетот во 2006 година се ситница спрема милиониете евра кои овој закон ги нуди на овие потрошувачи, односно на Владата на господинот Груевски, односно на МЕПСО. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика министерот за економија. Повелете.

**Вера Рафајловска:** Само да напомнам дека ФЕНИ сам одлучи да си увезе струја. Значи,

немаше никакви договори. Сам одлучи да увезува струја. Значи, големите потрошувачи мора да го запамтат тоа, да го регулираат дали од увоз или од домашно производство. ФЕНИ, пред да се донесе законот немаше никакви договори, сами си увезоа струја.

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со реплики по однос на говорот на говорот на пратеникот Верица Филипова.

Прва за реплика е пратеник госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам потпретседателе, би сакала да реплицирам повеќе пати на говорот на почитуваната колешка. Се спомна дека граѓаните ќе бидат оштетени од ваквиот Предлог закон за енергетика, а во еден дел од тоа што сакав да реплицирам го кажа и госпоѓата министер.

Битно е да се каже дека во Република Македонија, како што кажа почитувната колешка има недостиг на електрична енергија од околу 33%.

Исто така, почитуваната колешка кажа дека разликата помеѓу цената на електричната енергија која ја набавуваме и она што ја произведуваме, во најголем дел 80% од РЕК е повеќе од двапати. 6,5 евра е од увоз, а 3 евра е од домашно производство. Што е целта да се постигне? Целта е да се заштитат домашните потрошувачи, бидејки МЕПСО е компанија која што треба да произведе електрична енергија за крајните потрошувачи, за граѓаните, за јавните установи и до колку, Македонија, се ослободи во знак наводници од големите потрошувачи, кои што се сите 9 големи потрошувачи приватни компании, тоа треба да се нагласи, Македонија би имала за овие останати потрошувачи доволно енергија од свое производство и во тој случај дури може да зборуваме и да се намали во некоја проекција од 1, 20% на цената на електричната енергија. Значи во ни еден случај граѓаните нема да бидат оштетени. Тоа е едната димензија и не е коректно да се кажува дека некој со ваквиот закон ќе добие профит па да оди во Дубаи или не знам каде. Значи, битно е да се каже дека со овој закон се прави една постапка на либерализација на увозот и либерализација на користење на електрична енергија.

Почитувана колешке, бидејки ФЕНИ е голем корисник на електрична енергија, 50% од големите потрошувачи и СИЛМАК 30%, тоа се значи вкупно 80% што тие два потрошувачи користат електрична енергија. До колку тие во идниот период не им се допаѓа да набавуваат од МЕПСО, тоа е либерализација на пазарот, трговијата е тоа. Ако не сакаат да купат од домашно производство, тие сигурно дека ќе си набават од увоз. Тоа е целта. Зошто и Хрватска и сите останати земји набавуваат електрична енергија. И по 2015 година целиот европски пазар ќе се либерализира. Ние што побрзо влегуваме со овој закон тоа е подобро за Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Очигледно колешката не го разбрала законот. Во економија нема допаѓање и недопаѓање, сакање и несакање. Во економија има пазар, има стока, има пари, има профит. Тоа се основните мерила покои работат приватните фирми, тоа се основните мерила и вредности кои важат во економијата. Нема на ФЕНИ да му се допаѓа да купува струја по 70 евра, наместо да купува струја од МЕПСО по 22-23 евра. Сметката и профитот многу лесно се наоѓаат помеѓу државна организација и помеѓу приватна организација. Јасно е на чија сметка, во чија корист кој ќари, кој губи. Јасна е личната корист од сето тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеник Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, ќе ја започнам мојата реплика со две реченици, напишани во образложението на законот. Вели во ваквата состојба поедини големи потрошувачи на електрична енергија ги зголемуваат своите потреби за задоволување на развојните планови на истите.

Овие потреби се надвор од досега издадените документи за приклучување во електроенергетскиот систем и снабдување со електрична енергија.

Мислам дека е многу прецизно и многу убаво овде напишано.

Почитуваната колешка Верица Филипова тргнува од една хипотетичка позиција дека цената на електрична енергија која што се произведува во Република Македонија е со пониска цена од цената на електрична енергија која што се произведува надвор од Република Македонија., што во овој момент може да е точно, меѓутоа, не значи дека и утре ќе биде исто така.

На крајот на краиштата единечна и рамномерна цена на светскито пазар на електрична енергија нема. Што ако Република Бугарија успее за прз период да ја изгради таа нова атомска централа која што веќе почна да работи на тој проект. Тоа ќе значи многу пониск ацена на електрична енергија набавена од надвор, отколку произведена од внатре.

Значи, правењето на таква дистинкција врз база на хипотетички позиции е многу несериозно и остава впечаток дека единствена цел која што има колешката е по било која цена да го нападне законот. За мене е неприфатлива позицијата во која што МЕПСО би бил задолжен да набавува електрична енергија по повисока цена, а да ја продава по пониска цена на овие субјекти на пазарот. Тука е нелојалноста и тука е мешањето на државата во економијата. Значи, не смееме да дозволиме како држава МЕПСО да купува електрична енергија по повисока цена, а на овие,

рамноправни економски субјекти на пазарот да им ја продава по пониска цена. Јас така ја подразбирам основната поента на овој закон. Она што државата преку овие документи, кои што ги спомнав претходно, може да ги обезбеди за овие големи субјекти, ќе го обезбеди. Вишокот ќе си го обезбедат сами на пазарот. Тоа е либерализација на пазарот. Да даде Господ во наредиот период производството на електрична енергија во Република Македонија да се зголеми. ТЕЦ-Неготино оди на тендер. Почетна цена е 38 милиони евра. Ќе се гради уште еден толкав капацитет. Чебрен и Галиште процедурата со тендерите е веќе при крај. Тие ќе се градат. За 60 локациина мали хидроцентрали има заинтересирани 120 фирми. Тоа е активна политика во енергетиката, а не задржување на неконкурентноста н апазарот, исто како што работевме и со Телекомуникациите. Благодарам.

**Иван Анастасовски**: Една минута контрра релика пратеник Верица Филипова, повелете.

**Верива Филипова:** Во техниката Господ не дава и Господ не зема. Во техниката има технички нормативи и правила кои важат. Така да, за жал, секој не може да ги разбере овие технички работи. Сите ние не можеме да бидеме стручњаци за се, јас тоа го разбирам.

Меѓутоа, 38 милиони евра кои би се земале со продажбата на ТЕЦ-Неготино се помалку од 85 милиони евра разлика во цената која би се постигнала со тоа дали големите потрошувачи ќе купуваат од МЕПСО, или ќе купуваат од слободниот пазар. 85 милиони евра можност за манипулација да одат во повеќе или вопомалку од страна на оној кој во Македонија ќе одлучува кој колку струја ќе купува. Токму либерализацијата е тоа што јас го зборував, меѓутоа, критериумот по кој ќе се врши таа распределба, законот не го нуди. Законот не е транспарентен и остава голема можност за манипулација.

**Иван Анастасовски**: Има збор пратеник господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, ќе Собрание се обидам да дадам свој придонес кон оваа дебата, иако со нестручните и поушални оценки како на министерот, така и на колегата Димовски се домотивира една дебата во Парламентот.

Пред да започнам да зборувам, прво најодговорно ја повикувам уште еднаш министерката да каже дали навистина ФЕНИ увезува во овој момент струја. Дали ФЕНИ има добиено дека е квалификуван потрошувач. Значи, ФЕНи доставила до Регулаторната комисија апликација да стане квалификуван потрошувач. Но потврдата не е добиена уште. Значи, таа не почнала сама да увезува како ќе му текне некому. Можеби так амислите дека се работи, но во енергетскиот систем, што е врвен систем на светско ниво, не може да му текне на секој да прави што сака. Затоа мислам дека оваа атмосфера им трае на пратениците. Мислам дека таа паушална оценка треба да ја поместиме, или уште еднаш да ја издебатираме.

Бидејки законот, не знам по кој основ има знаменце од Европската унија, не знам дали Комисијата за европски прашања го гледаше, бидејки ќе се повикам на една директива што не е имплементирана во овој закон, ми дава за право да го погледнам Извештајот за последната година од страна на Европската комисијата. И во делот поглавје 15 за енергија да цитирамнеколку работи, а тоа е во изминатиот период кој биле активности, односно активности од претходната Влада. Можеме да констатираме значителен напредок во поглед на внатрешниот пазар на енергија. Се потенцира потребата од значително зајакнување на административниот капацитет во енергетскиот сектор, особено внимание да се посвети на независноста на Регулаторната комисија. Државната електроенергетска компанија беше преструктуирана и поделена во три компании. Во март беше заокружена приватизацијата на ЕСМ дистрибуција. Донесена е одлука за приватизација на останатите две компании и во оваа област се одвиваат во вистинска насока. Тука се потенцира, или се изразува задовослтво тоа што Македонија го ратификуваше договорот за основање на енергетската заедница. Тоа мислам дека беше во мај месец. Ако некој од работите се тераат онака како што во изминатиот период, беше во овој сектор и да се отвори дилемата дали СДСМ бил или не бил за реализација на пазарот е навистина несериозно и несоодвествува на моментот кога сакаме да го браниме она што е предложено во законот.

Имено, сите сме свесни дека процесот, или конечната цел на сите, не само на законот е демонополизација прво на овој бизнис. Како со повеќе конкуренција? Конкуренцијата по теорија треба да донесе пониски цени. Меѓутоа, во овој момент Македонија е во еден таков преоден период, каде што капацитетите што ги има Македонија отскокнуваат, односно од странство е поскапо, на слободниот пазар е поскапо да набавите струја, отколку можете да го добиете од МЕПСО, бидејки таква поефтина струја нема. Тоа сме го зборувале секогаш. Затоа, тој процес кој што мора да дојде треба да го направиме со чекори, кои што нема да фрлат сомнеж, илинема д аотворат многу дилеми во јавноста.

Имено, во предложените измени, кои се во еден член се вели дека количините, цитирам, на електрична моќност и енергија над утврдените во оваа одлука на тарифните потрошувачи, директно приклученина преносната мрежа, треба да ги набават на пазарот на електрична енергија и се обврзани да го евидентираат секој таков договор за купување на моќност и енергија кај операторот на пазарот на електрична енергија, согласно со пазарните правила. Тука се поставува прашањето прво, дали постојат пазарните правила. Како да

направиме нешто, односно како да биде некој договор согласно со пазарните правила, кога тие пазарни правила не постојат. Или целиот тој систем, сеуште не е дефиниран.

Евидентирањето само на договорот во МЕПСО можеби да е дискрециона моќ, но не мора да значи. Но она што е најважно е дефинирањето на тие пазарни правила. Денеска сме 19 март и очекуваме на 1 април ова да профункционира. Она што е клучно, да не ја дефокусираме јавноста, да не отвораме лажни дилеми. Тоа е отсуството на транспарентност и отсуството на фер услови за сите потрошувачи. И нашиот амандман и нашите два амандмани се во тој дух.

Прво, не мислиме дека до 1 април може да се заврши целата оваа постапка и

Второ, правилата мораат да се знаат.

За разлика од Извештајот на Европската комисија во изминатиот период, кој што содржи во делот на енергетскиот сектор, исклучително позитивни оценки ејсмемоарот на Светската банка од 8 март изразува загриженост за состојбите, или има забелешки за енергетскиот сектор во овој момент во Република Македонија.

Значи, тој Извештај и самото име кажува да помогне малку во целиот тој развој во енергетскиот сектор, каде што и за тендерот за малите хидроцентрали има забелешки, а во делот на големите потрошувачи, што е заложба, реков тука нема бегање да влезат во процес делот од електричната енергија што ја користат да ја набавуваат сами, нема законска основа како тоа да се направи подеднакво и фер услови. И тука, пратеничката група на СДСМ полимизира и тука пратеничката група на СДСМ кажува дека тоа е во такви недефинирани услови може да направи огромни проблеми во Република Македонија. За 10 дена, ако не се донесат тие пазарни услови, тие пазарни правила. Ако некои не знаат како ќе се натпреваруваат, или како да дојдат до квалификувам потрошувач. Прво, нема теорија за 11 дена тие сите да станат квалификувани потрошувачи, откога ќе се напишат пазарните правила и тој да размисли на 1 април дали м у е поефтино тоа да го направи преку МЕПСО, или дел д апочне да набавува од светскиот пазар, кој што, да не се лажеме, не можеме да го набавуваме од било каде, туку заради енергетската поврзаност.

Можеме да бараме струја и поевтино, струја само од регионот. И се плашиме дека може да се случи со оглед на тоа што веќе има некои регистрирани препродавачи на струја бивши претставници од ВМРО-ДПМНЕ во Електростопанство дека ќе бидат принудени да влезат во трговија со тие компании, бидејќи кој за еден ден ќе може да најде струја и да си ја донесе во својата компанија. Се плашиме дека непостоењето на транспарентност во постапката, непостоењето на фер услови за сите ќе доведе во ситуација некој да мора да се договара со некој што однапред знае дека овој закон на 1 април ќе профункционира. И ќе влеземе во една варијанта каде што непознавајќи ги правилата можеби ќе задоволиме некои европски барања, но нема да ги задоволиме оние што се за транспарентност, обезбедување на фер услови за сите играчи. Затоа ме чуди што Комисијата за европски прашања нема мислење, се извинувам, не сум го видел во материјалите, бидејќи согласно директивата 54/2003 на Европскиот парламент и Совет за општите правила на внатрешениот пазар на електрична енергија пишува дека обврските, цитирам: “ваквите обврски треба да бидат јасно дефинирани, транспарентни, без дискриминација, разновидни и да гарантираат еднаков пристап на компаниите за електрична енергија од ЕУ до националните потрошувачи”. Земјите членки треба да проверат дали потрошувачите од категоријата домаќинства и кога земјите членки го сметаат тоа за адекватно малите претпријатија добиваат универзална услуга т.е. дали уживаат право на снабдување со електрична енергија со посебен квалитет за нивната територија по достапни лесно и јасно споредливи транспарентни цени. Затоа ја отвараме дилемата, дилемата ја отвори и стручната јавност во Македонија со ригидната политика како што ја водите спрема некои компании да ги оставите на цедило од 1 април да се снаоѓаат, а со други брзо да се договорите и тие да добиваат електрична енергија можеби по иста цена како што е и сега. Ако не постојат тие правила кон квалификуваните потрошувачи не знаат кои се условите што МЕПСО ги нуди, тогаш се влегува во еден волшебен круг каде што неизвесна е судбината на многу големи компани. Кога судбината на големите компании е неизвесна помал е нивниот придонес во растот ан индустриското производство и тогаш кога е помал растот на индустриското производство паѓаат соништата за преродабата во 100 чекори и силните проекции од проценти што како таргет, што не е лошо. Затоа овој проблем не можеме да го гледаме изолирано, или да претпоставиме дека ова е проблем само дали сме за либерализација, или не сме за либерализација. Па четири години тука со ВМРО-ДПМНЕ сме се обидувале да им докажеме дека ова е заклучокот, или да стигнеме до овој заклучок од Европската комисија, дека тој процес што сме го терале е во правилна насока. Мене ме радува што предизборните ветувања за тоа што е се случи со енергетскиот сектор не се реализира, затоа што тоа е добро за Македонија. Значи, со предложените измени на Законот за енергетика не се воведуваат критериуми врз основа на кои ќе се носи одлуката со која ќе се утврдат количините на електрична енергија и моќност кои АД МЕПСО како носител на лиценцата за снабдување со електрична енергија на големо, ќе треба да ги обезбеди. Не се дефинирани исто критериумите со кои јасно ќе се прецизира колкава количина на електрична енергија и моќност потрошувачите приклучени на

преносната мрежа ќе треба да набават од МЕПСО, а колкава од слободниот пазар, односно од увоз, бидејќи во Република Македонија не постојат независни производители. И затоа ја отвараме дилемата дека кога не знаат колку проценти треба да земат од МЕПСО, колку да бараат на пазарот, а тоа ќе зависи за различни компании ќе биде различно, ќе зависи од дискреционата моќ, или од дискреционата одлука на МЕПСО, се отвора дилемата кај пратеничката група на СДСМ како ќе биде судбината во иднина на овие капацитети.

Од друга страна АД МЕПСО како оператор на пазарот на електрична енергија согласно член 75 од Законот за енергетика е должен да ги донесе и објави пазарните правила по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика. Но, во овој момент ниту имаме такви пазарни правила кои се од круцијално значење за функционирање на пазарот на електрична енергија како што Министерството за економија се залага и не верувам дека можат тие во овие 11 дена да се направат, ако не се направиле во толкав период, или може да се направат, но на врат, на нос. И од друга страна предложените измени за Законот за енергетика според мене не се во согласност со членот 84 од Законот за енергетика кој се однесува на квалификуваните потрошувачи. Затоа мора овој закон да обезбеди за секој потрошувач да важат истите критериуми, односно секој потрошувач ако е можно да биде снабдуван од МЕПСО со одреден процент, а остатокот нормално ќе го наоѓа од увоз, ама истите проценти да важат за сите потрошувачи и да се знаат правилата и цените однапред пред да започне целата процедура. За 11 дена сите овие комплекс на прашања изразуваме отворено сомневање дека можат да се завршат. Мислам дека и пратеничката Верица Филипова тоа доста стручно го објасни. Овие измени се плашиме дека можат да почнат на 1 април 2007 година, освен ако оние што знаат дека ова ќе се случи веќе не се спремни за тоа и дека мора да постои подолг временски рок за да потрошувачите можат да најдат електрична енергија на слободниот пазар. Законот можеби ќе се донесе денес, со оглед на еуфоричното расположение, можеби ќе нема кворум, еве нека се донесе и утре, па ако важи после осум дена, или веднаш за да провериме остануваат уште десетина дена да се растрчаат менаџерите од големите потрошувачи по регионот да договорат увоз на електрична енергија, таа да биде согласно, повторно реков, да ја добијат во меѓувреме дозволата, лиценцата за квалификуван потрошувач и да можат без проблем да го продолжат производството на она што го прават од 1 април 2007 година. Мислам дека ќе се сложите дека тоа е преризичен процес, дека не е толку едноставен процес, а она што е најзагрижувачки за нас е тоа дека МЕПСО може по свое видување да одреди подобни потрошувачи и неподобни потрошувачи. На дел од нив ќе ги задоволува потребите целосно со поголем процент, а дел ќе ги фрли во неизвесност од разно разни причини. И тука секогаш кога немате транспарентна процедура, кога се нарушени принципите на рамноправност, на фер услови за сите, се отвора сомнеж и тој сомнеж лесно ќе биде видлив. На 1 април ќе видиме како ќе се снајдат и како ќе бидат процентите распределени по одредени потрошувачи. И затоа во овој момент не знам што ќе биде судбината со амандманите. Пратеничката група на СДСМ нема да ги поддржи овие измени. И уште еднаш да кажам, да не ја дефокусираме јавноста, дали е тоа за либерализација, или не, туку напротив во процесот на поддршка на либерализацијата на овој пазар нашето учество било огромно. Но, со овој закон вака како што е дефиниран се нарушени и транспарентноста и фер условите на играчите во овој сектор. За другите енергетски теми што ги отворивте, мислам дека не е дел од овој проект, така што можеби ќе го оставам за реплика. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Благодарам. Сакам да поставам само едно прашање до присутната министерка за економија.Како МЕПСО тоа што ќе се распределува на големите потрошувачи ќе го дели кој од нив колку ќе добива?

**Бесим Догани:** Има збор Вера Рафајловска, министер за економија.

**Вера Рафајловска:** Прво, да одговорам кратко на господинот пратеник Јани Макрадули. Можеби погрешно ме разбра во однос на тоа дека веќе ФЕНИ увезува електрична енергија. Секако не може секој сам како ќе му текне да увезува, бидејќи единствен оператор е МЕПСО и таму мора да се пријави тоа заради преносот, се разбира и процедурите како што одат.

Втора работа, до пратеникот Макрадули, во однос на критериумите, а исто така и пратеничката Верица, во однос на критериумите и процентите на распределба. Тие ќе бидат договорени во согласност со МЕПСО, потрошувачите, тоа ќе биде одлука која што ќе помине на Владата, која што ќе биде објавена во Службен весник, која ќе биде верифицирана се разбира од Регулаторната комисија. Значи, процедурите ќе одат така. Тоа значи дека нема да биде некое дискреционо право оставено на некој да решава како треба да ја врши распределбата на електричната енергија. Јас длабоко сум уверена дека вие сте за либерализација на пазарот и мислам дека треба да го поддржите овој закон. Не би сакала да напомнувам дека веќе во претходен период има склучено договор до 2011 година со еден од големите потрошуваи кој што не знам дали зборува дека е либерализација на пазарот. Меѓутоа, би сакала да се поддржи овој закон. Ги молам пратениците да го изгласаат, за да видиме и ќе функционира законот. А потоа ќе

дискутираме и за скептицизмите кои што се јавуваат кај пратениците. Неспорно е дека секој има свој начин на размислување и тоа право сепак треба да се почитува.

**Бесим Догани:** Три минути реплика пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Министерката потврди дека пазарните правила не се направени, дека критериумите ќе бидат договорени во комуникација помеѓу МЕПСО, потрошувачите и тоа ќе го верифицира Регулаторната комисија и тоа ќе се заврши за 11 дена. Добро, ако сите навистина работат по 15 часа на ден, тоа е во ред, може да се направи. Ама кажа и уште една работа и тоа вели дека ќе биде направено со одлука на Влада. Да, тоа е друго. Значи, Владата ќе си донесе одлука и ќе му рече: вака ќе биде, вака ќе биде и тоа нема врска со почитување на правилата на независност на регулаторното тело, тоа нема врска со пазарните правила, тоа нема врска со транспарентната постапка, со ништо нема врска. А од првиот дел на одговорот не разбрав сега дали ФЕНИ увезува струја, или не увезува струја, бидејќи самата министерка рече дека никој не може да увезува како ќе му текне. Но, во претходното излагање рече дека ФЕНИ без да праша никој, си почна да си увезува струја, што не е точно. Да нема дезинформации во јавноста.

**Бесим Догани:** Контра реплика Вера Рафајловска, министер за економија.

**Вера Рафајловска:** Јас кажав дека ФЕНИ сам одлучил да увезува струја. Меѓутоа, не реков тоа, има правила како оди таа работа. Само толку. Јас не знам како може да не се разбираме.

**Бесим Догани:** Процедурално господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Барам половина час пауза за да се добијат стенографските белешки од првото излагање на министерката, па да видиме што кажала. Ова го барам во име на пратеничката група.

**Бесим Догани:** Мислам дека 15 минути пауза се доволни, за да се добијат стенографските белешки.

Предлагам пауза од 15 минути.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа.

Господине Макрадули, бидејќи службите го подготвуваат стенограмот, ако се согласувате би дал збор на госпоѓа Филипова со нејзината реплика, па потоа продолжуваме со вас.

Верица Филипова има реплика од три минути. Повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам,

Во излагањето на министерката беше кажано дека ќе бидат договорерни меѓу МЕПСО и потрошувачите кои потоа ќе бидат утврдени со одлука на Владата и информирана е Регулаторната комисија објавено во Службен весник. Тоа не е точно. Токму во членот 2 од Предлогот на законот за изменовуање и дополнување на овој Закон се вели дека “се утврдуваат со Одлука на снабдувачот на електрична енергија”, а снабдувач на електрична енергија е МЕПСО. Во членот 2 се вели дека се утврдува со одлука не на Влада, туку со одлука на МЕПСО. Ова значи дека лицемерието наше при гласањето на точката број 7 од денешната седница околу предлогот за донесување на акон за ратификација на Конвенцијата на ОН против корупцијата која едногласно сите овде и пратениците од позицијата, пред се, потоа и од опозицијата ја гласавме, претставува чисто лицемерие, бидејќи дефакто можности за најголема корупција не од 100-тини евра, не од илјадници евра, корупција од милиони евра нуди ваквото законско решение, во кое се даваат дискрециони права на МЕПСО со сопствено одлуки да утврдува со одлука на снабдувачот на електрична енергија на кој од големите потрошувачи, колку енергија ќе дава од домашниот пазар на кој од големите потрошувачи колку енергија нема да му дава од домашниот пазар или ќе мора да си ја купува од слободниот пазар. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Филипова.

Бидејќи, дел од стенограмот што беше побарано од пратеникот Јани Макрадули е веќе доставен,му давам збор на пратеникот Јани Макрадули. Повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потрептседателе,

Ќе се обидеам уште еднаш многу кратко во интерес на јавноста да ги истакнам некои работи.

Прво, како што се вели во стенограмот, цитирам: “Понатаму, што се однесува на веќе набавката на електрична енергија од страна на големите потрошувачи ФЕНИ почна да увезува самостојно. Тоа значи дека законот си е добар”. Тоа беше во 16,40 часот, а во 16,50 часот не увезува ФЕНИ. Мислам дека лошо е кога министерот за економија кој е претставник овде на Владата доаѓа неспремен на седница на Собранието да го брани законот и тоа го брани со неточни работи. Значи, ФЕНИ можеби има намера и можеби дал апликација да биде квалификуван потрошувач до регулаторната Комисија, но во овој момент не е точно дека увезува самостојно, па тоа ќе значи дека законот е добар. Бидејќи ФЕНИ не увезува самостојно, тоа значи дека законот не е добар по логиката на нештата.

Втора работа, тука пишува дека примената од 1 јули, не знам сега стенограмот го читам, тука во законот пишува од 1 април, треба да го допрецизираме и тоа, уште еднаш да кажам законот е повисок акт со поголема правна сила од одлука на Владата. Прво, Владата не може да се меша во независното регулаторно тело.Второ, Владата не може да донесе одлука, бидејќи не го пишува тоа во законот. Значи има количини на електрична енергија што треба да бидат распределени. Во овој момент не се дефинирани критериумите, нема завршена процедура и не

знаеме дали тој однос ќе биде 30, 70, 60, 40, 50, 50 на МЕПСО или на слободниот пазар набавена е електрична енергија, што доведува до прашање дека некој ќе ги избира на подобни и не подобни. Затоа, можно е некои да добиваат цена од 29,60 евра по мегават час како што е сега цената на МЕПСО и 100% МЕПСО да ја обезбедува, пошто тој потрошувач бил добар или таа Компанија е добра. Но, ако некој не го договори за 11 дена сите работи и не најде на слободниот пазар, ем ќе биде исклучен, ем ќе треба да набавува меѓу 70 и 80 евра на мегават час, колку што е цената на увезената електрична енергија. Затоа, фали транспарентност, фали фер услови за сите и со овие непрецизности дополнителни не можеме да го поддржиме законот, иако со двата амандмани мислам дека можат двете работи да се изменат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Збор има министерката за екномија.

**Вера Рафајловска:** Први јули, мислам овде 1 април е, во стенограмот сигурно јули не кажав, бидејќи во Законот е април. Она што е за самостојно и не ни може, туку тој одлучи пред донесување на законот, со тоа што нормално дека кај операторот мора да го пријави тој договор што го има склучено билатерално, се разбира за да се изврши преносот на електиричната енергија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Рафајловска.

Макрадули Јани има реплика. Повелете.

**Јани Макрадули:** Нема логика од реплика, ја повикувам министерката да си го прочита стенограмот сама што го кажала. Значи доблесно е дека направила лапсус да каже и дека кажала 1 јули, бидејќи така пишува во стенограмот или не верувам дека собраниските служби погрешиле. Втора работа, да се извини и да каже дека ФЕНИ не увезува самостојно струја и дека законоте заради тоа добар, како што самата кажа во стенограмот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Бидејќи, нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законт за изменување и дополнување на Законот за енергетика.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 64 пратеници, за гласаа 53, немаше воздржани, против гласаа 11 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за гласаа 52 пратеници, воздржани нема, против гласаа 10 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратениците Јани Макрадули и Верица Филипова поднесоа амандмани за менување на член 2 и на член 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за економија. Повелете.

**Вера Рафајловска:** Амандманите не се прифаќаат.

**Бесим Догани:** Владата не го прифати амандманот.

Има збор Филипова Верица. Повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Сето она што го дискутиравме досега односно нашите забелешки на вака предложерните измени и дополнувања на Законот за енергетика се внесени во овој амандман. Мислев дека најискрено дека Влада ќе го прифати овој амандман и секој сомнеж за можност на корупција со милиони евра ќе го отстрани. Меѓутоа, јасна е интенцијата дека некој бара и сака да си присвои дискрециони права да управува за своја лична корист да ги користи овие разлики во цени од милиони евра. Амандманот предвидува дека врз основа на три годишната досега постигната количина просечна електрична енергија кај сега 9-те големми потрошувачи, утре согласно следните промени на Законот за енергетика, веројатно многу повеќе директни потрошувачи, сега лимитот е 20.000.000 гега ват часови, ќе имало нова промена на 10.000.000 гега ват часови за третман за статус на квалификуван и голем потрошувач прилучен директно на преносната мрежа, значи со утврдување на репер, количина од просечната на трите години 2004 година, 2005 и 2006 година и со нивно објавување транспарентно во Слуужбен весник на Република Македонија , би се постигнало дискреционото право на еден човек да одлучува кому колку електрична енергија, ефтина електрична енергија ќе даде, се анулира. Значи, со овој амандман се предвидува процентот од тие репер количини на електрична енергија да биде воеднаечен, еднаков за сите големи потрошувачи за енергијата која ќе ја добиваат од МЕПСО односно за поевтинат струја. Така, составувајќи го овој амандман предвидуваме условно оваа година под 28% на пример да добијат ФЕНИ, 28% да добие СИЛМАК, 28% да добијат погоните од Железара, 28% УСЈЕ односно ТИТАН, Цементарата и останатите до 9 потрошувачи, големи потрошувачи да добијат ист процент

електрична енергија, ефтина електрична енергија од домашниот пазар односно од МЕПСО. Останатите 72% ги купуваат од слободниот пазар по цени кои владеат таму и во услови кои ги има таму. Факт е дека цената на електричната енергија на балканскиот регионален пазар ќе биде наредните години уште повисока. Факт е дека се до стапувањето на погон на нуклеарната електрична централа која се гради во Романија и на нуклеарката Белене која се гради во Бугарија, тоа се некаде 2010, 2011, 2012 до 2013 година наредните три години ќе има голем недостаток на електрична енергија на регионалниот пазар на Балканот и поради тоа нејзината цена ќе биде голема. Поради тоа, ќе има можност за големи манипулации и можност за голема корупција, корупција кај луѓето кои ќе одлучуваат за ова, па впрочем друга корупција на друго поле не би била потребна на нашата Влада, затоа што не се работи за 300 евра, не се работи за 3.000 или 30.000 евра, се работи за 30.000.000 евра, се работи за 100.000.000 евра, разлика во цена кај големите потрошувачи, во зависност од тоа дали ќе купуваат евтина домашна струја или ќе купуваат скапа увозна струја. Со неприфаќањето на овој амандман Владата на Република Македонија и Министерството за економија потврдува дека смислено остава поле за такви незаконски, нелегални манипулации. Остава поле да ги дели сега 9-те големи потрошувачи, утре поголем број на симпатични и несимпатични, да ги дели на подобни и неподобни, по критериуми само на нив познати. Јас сум сигурна дека овој амандман поради тоа што претставникот на Владата се изјасни дека Владата не го прифаќа и нема да помине. Јас сум сигурна дека претставниците на позицијата не ме ни слушаат јас што зборувам денес, можеби секој од нив сонува за нешто слично, можеби мотивот на голем дел од македонските граѓани е да влезат во политиката е всушност личната корист и личното збогатување, многу случаи досега имавме такви, но чесните и искрени пратеници би требало да гласаат за овој амандман. Тие би требало да гласаат за транспарентност во поделбата на електричната енергија, би требало да гласаат за фер и еднакви услови на сите 9 големи потрошувачи. Да напоменам за сслушателите и за гледачите од нашето подрачје дека денес не дискутираме за дистрибутивните потрошувачи, дека овој закон не се однесува на цената и на количината на електрична енергија кои ја добиваат малите и средните потрошувачи, кои ја добиваат домаќинствата, кои ја добиваат малите погони и сл. туку овој закон се однесува исклучиво на 9-те најголеми потрошувачи на електрична енергија во Македонија, сите од правиот до последниот приватни фирми. Тоа се 9 најголеми македонски претпријатија кои остваруваат најголеми профити. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филиповска.

Николовски Александар има процедурално. Повелете.

**Александар Николовски:** Потпретседателе,

Би ве замолил, знам дека не сакате да упаѓате во говорите на пратениците, но би ве замолил да внимавате, заради тоа што пратеничката се обиде да не навреди сите овде пратеници или поголемиот дел од нас кажувајќи дека влегуваме заради лични интереси. Исто така, ги навреди и граѓаните, со тоа што имплицтно кажува дека гласаа за луѓе што влегуваат тука од лични интереси. Јас апсолутно не се согласувам со тоа, тука има доста чесни луѓе кои чесно си ја работат работата и кога борува, прво треба да зборува во прво лице еднина, а после тоа да зборува за сите нас останати. Кога зборува таква работа треба да излезе на говорница тука и да не погледне во очи и да ми каже мене лично од кои лични побуди и интереси јас сум влегол во политиката, а спротивно не сакам да ја прашувам на кој начин го има стекнато богатството кое што го има таа и нејзината фамилија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Бидејќи е веќе 18,00 часот овде ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)